## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Третото продолжение на Триесет и шесттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 5 април 2007 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,22 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата.

Продолжуваме со работа по 36-тата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Абдулади Вејсели, Блерим Беџети, Сафет Незири, Џеват Адеми, Рафис Алити, Теута Арифи, Али Ахмети, Агрон Буџаку, Фазли Велију, Садула Дураки, Зумрете Јакупи, Аднан Јашари, Азис Положани, Селвие Селију, Ајше Селмани, Тахир Хани, Љубчо Горгиевски, Валентина Божиновска, Благородна Дулиќ, Марјан Додовски, Илинка Митрева, Даут Реџепи, Арбен Џафери, Мендух Тачи, Радмила Шекеринска и Тито Петковски ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Продолжуваме со претрес по Предлогот за донесување на законот.

Има збор господинот Игор Ивановски, повелете.

(Некои пратеници се интересираат дали има реплика).

Јас се извинувам, но бидејќи јас не ја завршив седницата, колку што знам тие што беа пријавени за реплика не се тука.

Според тоа има збор господинот Игор Ивановски.

**Игор Ивановски:** Благодарам претседателе.

Еве веќе трети ден по ред разговараме за исклучително значајно прашање и тука нема разлики. Немаше разлики ниту досега, ниту од сега верувам ќе има разлики во таа една добро искажана флускула дека образованието е исклучително значајна материја и тоа претставува еден од главните столбови на една држава.

Но, она што во овој момент можеме да го констатираме, а што за жал, предупредивме кога ќе се случи, кога ги водевме оние сеанси на политички дијалог, за кој што Владата на Република Македонија и ВМРО-ДПМНЕ очигледно немаат претстава како тоа треба да се изведува сега треба да и се случи.

Повеќе од 6 месеци македонската јавност се убедуваше дека за една ваква измена, или за еден ваков предлог потребно е да се направи измена на Уставот на Република Македонија. повеќе од 6 месеци се убедуваше македонската јавност дека ова е едно од најкрупните прашања на македонската Влада. Преку ноќ добиваме од Министерството за образование, од органот на Владата на Никола Груевски предлог ова прашање да се реши со помош на законот. И ова е само една од ситуациите кои што овој Предлог на закон го прави фаличен во самиот старт. Ја прави идејата фалична од самиот почеток. Дозволете во мојата дискусија да се осврнам на неколку работи во делот на политичките аспекти, во делот на економските, во делот на самото регулирање на оваа идеја и на крајот она што подразбира политички дијалог.

На почетокот сакам да се осврнам на тезата која што во добар дел провеја во расправите на владеачкото мнозинство кое што претпоставувам е направена, често -пати се споменува во Парламентот..

(Некои пратеници меѓусебно си разговараат).

Ако се подготвуваат од сега некои колеги да прославуваат Велигден да престанам да разговарам.

**Љубиша Георгиевски:** Далеку сме од прославата на Велигден, продожете.

**Игор Ивановски:** Благодарам.

Почитуван претседателе, со копи пејс техниката како што многумина велат, како што говорите на нашите колеги од владеачкото мнозинство беше искажано дека со воведувањето на задолжително средно образование директно ќе се влијае врз економскиот развој на Република Македонија и дека директно ќе се почуствуваат последиците во делот на економијата.

Не чув ниту еден аргумент од владеачкото мнозинство од ВМРО-ДПМНЕ на кој начин, со кој аргумети овој закон претствува спроведување на обврската што ја добија од граѓаните на 5 јули, а тоа е да работат во делот на економијата. Не само што изминативе месеци не се работи, или најмалку се работи на делот на економијата, туку и постои обид секој проект да се постави како приоритетен и секој проект се постави во директна поврзаност со делот на економијата. Извинете, ама јас во овој законски проект не гледам ништо конкретно, или барем не чув сериозно образложение дека тоа директно ќе влијае на подобрувањето на еконимијата, не за 20 години, ама сега. Да се потсетиме дека едни од најчесно употребуваните слогани на оваа владеачка коалиција свое времено беше “резултатити сега”, резултати нема, сега нема. Она што исто така може да се каже, дури да се земат во предвид нивните аргументи дека ако може да се почувствуваат ефектите за 7-8 години директно се потврдува дека всушност дека ова е предлог без концепт. Предлог без идеја, предлог без анализа, предлог без очекување на резултат.

И ако почитуван претседателе ја земеме во предвид нивната теза дека ова се прави во делот за подобрување на економијата кажете ми на кој начин во Република Македонија ќе привлечеме инвеститори, ќе привлечеме странски инвестиции кога надвор од оваа сала на 4 или 5 конкретни случаи досега се прикажа за само 10 дена дека во Македонија после 50 години се инсталираат инструментите на притисок, на цензура, на страв. Кажете министерството на кој начин колеги од

владеачкото мнозинство ќе објасните дека ќе ги привлечете странските инвеститори со овој закон за задолжително образование кога една емисија која што е посветена на работењето на Никола Груевски и на неговата Влада не се одржува и не се случува. Кажете ми како ќе реаѓираат стрнските инвесититори и ќе се воодушеват кога вие ќе го донесете законот за задолжително средно образование, а во исто време во најтиражниот дневен весник ќе прочитаат дека една од фирмите во Република Македонија денеска го распродава целиот свој имот. Премногу коинциденции, премногу нелогичности поврзани секогаш кога станува збор за активност поврзана со премиерот Никола Груевски.

Ова го говорам од проста причина што ако ви е прва цел економијата, ако ви е прва цел вработеноста, а за да се реализира тоа потребни се странски инвестиции тоа нема да го направите, или нема да успеете со воведување на задолжително средно образование. Тоа нема да го направите ако продолжи оваа пракса на цензура, на страв. И тоа секогаш се случува пак по некоја чудна коинциденција, кога ВМРО-ДПМНЕ е на власт. Последната емисија во центар е посебен случај. Што е позадината? Што е причината? Зошто во последните три дена една емисија која што треба да биде показател за демократијата не се случува, а во исто време се случуваат чудни коинциденции поврзани токму со сопственикот на таа телевизија, токму во време кога директно од Владата се цензурираат театарски претстави ќе треба да го добиеме одговорот.

**Љубиша Георгиевски:** Ве молам ова ви е прва дигресија.

**Игор Ивановски:** Оваа дигресија има многу голема поврзаност и логика кога станува збор за економскиот живот и просперитет на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** И тоа не е на дневен ред, економскиот живот и просперитет ве молам. Ве молам држете се на темата.

**Игор Ивановски:** Претседателе, јас три дена слушам дека со законот за задожително средно образование директно ќе се подобри економската состојба на граѓаните. И ако три дена ја слушам таа теза можам да полемизирам.

Јас досега не слушнав ниту еден сериозен аргуметн. Не слушнав ниту еден сериозен аргумент зошто со овој закон се прави дискриминација со едно крупно решение и ако едно задолжително образование, основното се регулира со Устав, истото, средно образование во овој момент се регулира со закон.

Не можам да се согласам со леснотијата икажана од премиетор Груевски, а повторена од министерот Рушити дека се што не е забрането со Уставот и законите е дозволено. Па, ве молам со Уставот и законите не се забранети многу работи, па тоа не значи дека тие треба да се прават. Со Уставот не е експлицитно забрането дека не смее да се краде и да се убива, па се случува. Со Уствот експлицитно не се забранува дека може да се забрануваат емисии, претстави па се случува. Не може Владата која што е инструмент за заштита на уставниот поредок на конкретен начи истиот да не го почитува.

Што беше различно, зошто луксузот на Владата и беше потребен вакво исклучително значајно решение да не се регулира со Устав, за да се даде тежина, за правните прашања треба да ги консултирате правните експерти, експертите од Уставното право, кои во еден глас укажуваат дека оваа работа не врви, дека не може да овој начин да се регулира облигација и тоа во еден исклучително значаен дел, да се прави преседан во функционирањето и постапувањето согласно Уставот и законите.

И на средбите со почитуваните колеги претставници од ВМРО ДПМНЕ во рамките на политичкиот дијалог, кој, во овој момент не постои, укажувавме дека вака поставеното, вака предложеното решение има само еден логичен збор, а тоа е експеримент. Со овој закон се потврдува дека се обидуваме со политички, ама исклучително политички, да не кажам политикански решенија да регулираме материја и при тоа да се обидуваме да очекуваме сериозни резултати.

Образованието не е отворање на пиљара, па дали ќе ви тргне, ќе ви тргне, ако тргне во ред, ако не тргне не. Образованието не е закон од типот ако не ви дадат фискална сметка тепајте се, па после Уставниот суд ќе го укинува. Образованието е материја каде што ако згрешите цената нема да ја плати тој кој што ја направил тој, цената ја плаќаат тие што ја чувствуваат грешката.

И самите сме свесни дека во претходната историја на Република Македонија многу грешки биле направени во делот на образованието. Сега, се обидуваме да напрвиме уште една. Никој во оваа сала, а никој и надвор од оваа сала не може да каже дека е против подобро, поквалитетно образование. Образованието или човечките ресурси се критериум и за економски развој, и за ЕУ, и за НАТО и за сегашноста на Македонија. Но тоа треба да се направи на паметен, осмислен, сериозен начин.

Не може да се обидуваме да го подобруваме образованието и да се обидуваме да правиме не знам какви очекувани ефекти од овој закон, а во исто време Владата со мал прст да не мрдне во решавањето на проблемите во основното образование, каде што имаме елементарни проблеми од типот покривот прокиснува, нема греење, нема доволно училници, нема доволно столчиња. Притоа, кој е инструментот на Владата за решавање на овие проблеми, плус во педагошката дејност? Писмата што во стилот на политичките комесари треба да се читаат во името на премиерот Никола Груевски. Не се решаваат така проблемите, така се пробуваше да се решаваат проблемите после 1945 година од

еден друг човек, пак повторно многу коинциденции.

Како ќе ги решаваме проблемите во образованието ако во исто време министерот за образование и наука се обидува да каже дека овој закон е најквалитетниот, а врши во исто време директен упад во третиот сегмент, во високото образование. Што говори ова? Дека изолираното, одвоеното, аутистичкото решавање на проблемите само во еден двор не може да даде резултати, не може да се решаваат проблемите само во средното, а притоа да се влошуваат во основното и во високото образование. Тоа е систем во кој што ако една алка не функционира, паѓа целиот. Тоа е всушност најголемиот проблем, за тоа треба да разговараме, ама не на ваков, да не го наречам насилен начин во смисла ние ветивме и ние мора тоа да го направиме. Како - не не интерсира. Дали ќе успееме не е битно, ама ние ќе го донесеме овој закон и точка. Тоа не е сериозно однесување на една Влада, тоа е изневерување на дадените очекувања, тоа е само манипулирање со дадените ветувања пред граѓаните.

Со овој потег Владата покажува дека политичкиот дијалог е само фарса, покажува дека нема ни намера сериозно да разговара не за да ја убеди опозицијата, тоа не е нејзина работа, ама за да направи поквалитетно решение ја сведува работата до апсурд, ја сведува работата до апсолутно немање на потреба ние денес да разговараме. Впрочем, за да ги потврдиме апсурдите ќе се потсетиме дека само кон средината на изминататата недела, само затоа што беше закажно отворањето на Универзиетот во Штип се брзаше тоа да се направи преку ноќ обидувајќи се овде владеачкото мнозинство да ја релативизира и скрати расправата, за еден проект кој што не е на СДСМ, не е на ВМРО, проект на Република Македонија и на тој регион.

Треба да престанеме со една пракса да се обидуваме да ги ставаме медалите на реверите, мислејќи дека на тој начин ќе добиеме политички поени, бидејќи на крајот апсолутно граѓаните нема да имаат никакво фајде, кога ќе коснтатираме дека ВМРО ДПМНЕ згрешило со некои законски проекти и ВМРО ДПМНЕ нема да биде на власт, после ќе грешиме и ќе трошиме дополнителни години да ги поправаме грешките.

Македонија има една најскапа работа во овој момент, а тоа е времето и не смее да си дозволи да се занимава со експерименти. Некој рече, водејќи ја политиката како мали деца, некој има друг аргумент, јас ќе речам со овој закон мислам дека не се убедени ни најголемиот број пратеници на владеачкото мнозинство, не затоа што идеата е лоша, идеата е добра, туку затоа што концептот со кој што се предлага овој закон апсолутно не е концепт. Ние во овој момент можеме да разговараме само за нешто општо, нешто апстрактно, нешто недопирливо. Се извинувам, малку згрешив, можеме конкретно да разговараме со единствената конкретна работа во овој закон, а тоа е кавгата, што говори повторно за демократскиот капацитет на оваа Влада, најдобро се снаоѓа, најескплицитна е, најтранспарентна е тогаш кога нешто треба да се казнува. Во овој случај, ќе се казнуваат родителите кои нема да ги пуштат своите деца во училиште, истите оние родители кои не можат да им ги платат трошоците на своите деца и во основното образование, што всушност не упатува на тоа дека образованието нема да се сфати како инструмент или политика која треба да ги квалификува и да ги прави идните граѓани на Македонија демократски високо образовани, спремни за Европа и НАТО, туку ќе им направи ситуација на нашите граѓани да дејствуваат под принуда, нешто што е последниот инструмент за држава, ама не првиот. Нема искреност, нема концепт. Нема да навлегувам во деталите кои многу пати заедно со почитуваните колеги од ВМРО ДПМНЕ ги отворивме кога го водевме во тоа време, сега веќе умртвениот хибернираниот политички дијалог. На ниту едно прашање не добивме сериозен одговор, на ниту едно прашање не добивме егзактен податок, квантитативен, за да занеме утре дали со овој закон сме отишле напред или назад. Што е целта, како ќе го мериме ефектот, како ќе ги мериме резултатите? Ништо од тоа во овој министер за правда омент не е ставено во овој законски проект.

И на крајот, бидејќи често пати се обидувате, во ситуација кога немате решенија за многу проблеми, последно беше со стечајните работници, да зборувате и да употребувате една реченица, дека Владата ќе певземе активни мерки, кажете ми каде е активноста за решавање на секојдневните практични проблеми на граѓаните од животниот стандард, со овој конкретен закон. Ако имате барем еден сериозен аргумент со кој можеме да се убедиме, ќе можеме да констатираме дека 1% сме постигнале со овој закон. Во овој момент таква ситуација јас не гледам. Благодарам.

И на крајот, бидејќи често пати се обидувате, во ситуација кога немате решенија за многу проблеми, последно беше со стечајните работници, да зборувате и да употребувате една реченица, дека Владата ќе рпевземе активни мерки, кажете ми каде е активноста за решавање на секојдневните практични проблеми на граѓаните од животниот стандард, со овој конкретен закон. Ако имате барем еден сериозен аргумент со кој можеме да се убедиме, ќе можеме да констатираме дека 1% сме постигнале со овој закон. Во овој момент таква ситуација јас не гледам. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам и јас.

За реплика се јавувија повеќе пратеници и според редоследот прв за реплика се јави господинот Александар Николовски.

**Александар Николовски:** Благодарам.

И во стилот на претходните говорници од СДСМ и во стилот на претходните говори на колегата,

многу рече, ништо не кажа односно слушнавме многу работи ама не слушнавме една основна работа која се обидуваме да ја слушнеме во изминатите денови на дискусија од СДСМ, а тоа е дали сте за задолжително средно образование или не, дали го поддржуваат законот или не и зошто е тоа така, заради тоа што цело време ни даваат завиени аргументи, цело време ни даваат завиени одговори, има услови, нема услови, може да почне, не може да почне, а не добиваме конкретен одговор. Веројатно, низ она што го говорат треба да сватиме дека се проив задолжително средно образование, но тоа не го добиваме заради тоа што веројатно се плашат дека со таков одговор уште повеќе би го навлекле на себе гневот на граѓаните и уште повеќе би оделе надолу со нивниот политички рејтинг, што колегата Герамтичиоски пред некој ден и го спомна како една од тактиките која се наследувала во СДСМ односно воопшто да не се говори за законот, да се игнорира заради тоа што на тој начин, доколку се говори и доколку не се игнорира би одел надолу политичкиот рејтинг. Во таа насока јас би сакал да продискутираме со колегата за неколку работи имено како овој закон ќе придонесе за подобар економски развој на Република Македонија така што ќе имаме поквалификувана работна сила во Република Македонија заради тоа што во моментот тоа не е така, заради тоа што во моментот кога доаѓаат дел од странските инвеститори кои, фала богу поачнаа да доаѓаат, бараат квалификувана работна сила што за жал многу малку ја има во Република Македонија.

Како ќе ја подобриме економијата со задолжително средно образование? Ќе ја подобриме со тоа што младите до својата 18-та година ќе бидат во образовниот систем, ќе стекнуваат навики, вештини, одговорност и понатаму ќе можат да се надградуваат. Имајќи предвид колку светот и технологијата оди напред и тоа ќе биде премалку, но ќе биде една добра основа како да се развиваат и како да одат работите напред.

Тоа што може да се забележи и во негоивот говор и во говорите на неговите сопартијци е дека, меѓу другото сме против задолжително средно образование заради тоа што не можеме да ги видиме ефектите сега. Ефектите не се гледаат сега. Ефектите се гледаат за генерациите кои доаѓаат, за генерациите кои во наредните децении треба да ја градат Република Македонија. Но, за жал,веројатно логиката на СДСМ со која и владееше во 90-тите годиниа, е колку понеобразовано население, толку е полесно да се манипулира, колку помалку знаат, толку е полесно да се владее заради тоа што, да ве потсетам, паролите беа само војна да нема, не мора леб да има, не мора да има странски банки само да има мир. Веројатно со истата логика продолжуваат и сега, а најлесно е тоа да го прават доколку има необразовано население.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам,

Повелете господине Ивановски имате 1 минута контра реплика.

**Игор Ивановски:** Млад колега, дали сум за задолжително средно образование? Да. Дали сум за овој закон? Не.

Не се прави квалитетно образование со тоа што ќе воведете задолжително средно образование, а при тоа програмите ќе останат несоодветни или некомпатибилни. Вие досега имавте и во моментот сеуште имате повеќе од 90% кои се опфатени со средното образование. Зотшто тие не ги земат странските инвеститори. Во суштина за кои странски инвеститори зборувате за овие 8 месеци. За овие што ќе си отидат од Џонсон Контрол и кои ние ги донесовме. Аманте.

Дајте да ги поставиме работите на вистинско место. Резултати сега, е ваша или ничија друга парола? Ваша. Каде ќе ги видиме резултатите сега. Гледаме само еден воздух, една магла која Итар Пејо и Настрадин Оџа ја бараат во приказните.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Три минути реплика за господинот Оливер Шамбевски.

**Оливер Шамбевски:** Благодарам господина претседателе,

Јас нема да реплицирам во делот на ставовите во врска со сррдното образование, бидејќи се наслушавме многу такви работи од колегите од СДСМ, во суштина не убедителни.

Она што јас сакам да му го кажам на господинот Ивановски е дека со делот на неговото излагањње посветено на емисијата" Во Центар" на господинот Васко Ефтов, ми прозвучки како да има некакви сознанија во врска со уредувачките политики на одредени медиуми.

Она што јас сакам да му го кажам на господинот Ивановски, бидејќи проверив во кабинетот на претседателот на Владата на Република Македонија, тоа е дека од нивна страна е испратено присмо до Телевизија Канал-5 во кое му сугерираат на главниот и одговорен уредник, емисијата да биде емитувана, бидејќи во тргнувањето на емисијата од Програмата на Телевизија Канал-5, препознаваат можност за политичка манипулација. Но, тоа што денес го слушнав од господинот Ивановски, неговата реакција во врска со таа емисија, се повеќе и повеќе ме убедува дека можеби од кабинетот се правело, можеби дека навистина има политичка манипулација во ова.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам,

Господине Ивановски повелете со вашата реплика.

**Иван Ивановски:** Господине Шамбевски јас сум пратеник избран од граѓаните и мене ме интересира се што е поврзано со демократијата. Навистина немам претстава што има кабинетот на Никола Груевски да праќа писмо до еден медиум. Што е тоа што го провоцирало, што е тоа што го натерало тој некого да охрабрува. На крајот на краиштата на кој начин може кабинетот

да бара или да испраќа писмо наводно за некакви емисии на телевизија, освен ако има некоја позадина за што јас барам објаснување. На крајот на краиштата ако навистина Владата и кабинетот на премиерот сакаат да се види таа емисија, јас ги охрабрувам на истиот начин, со овие писма, бидејќи и така со јавноста комуницираат преку писма, да најдат начини, па можеби и тие да создадат услови да ја видиме таа емисија.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам,

Три минути реплика за госпоѓа Бонева.

**Силвана Бонева:** Почитуван претседателе, почитуван колега,

Жалам што го слушнав тоа што пред малку го кажавте дека сте за задолжително средно образование, ама против Законот за задолжително бесплатно средно образование. Навистина тоа е демагогија, бидејќи ако сакаме вистини и ако навистина се залагаме за задолжително средно образование, после толку дискусии зошто ни треба задолжително средно образование во Република Македонија, мислам дека воопшто немаше потреба да го кажете тоа што го кажавте дека сте против законот за задолжително бесплатно средно образование. Зошто го велам тоа? Го кажувам затоа што со месеци зборувавме со аргументи што и треба на Република Македонија, но повторно вие велите воопшто не гледам ниту аргумент дека со задолжителното средно образование ќе се подобри нешто во економијата и ќе се подобри состојбата со вработувањето.

Мислам дека огромниот број на неквалификувана работна сила во Република Македонија и она што досега го правеше средното образование во државата, значи продуцирање на кадри кои воопшто нема да бидат способни и не се способни да се снајдат на пазарот на трудот и директно да влезат во приватните институции односно во бизнис секторот и да можат веднаш да се снајдат и да работат, тоа е резултат на тоа што во Република Македонија средното образование продуцираше необучени млади луѓе и заради тоа тие не можат да се снајдат на пазарот на трудот, заради што е потребно тие со години да бидат чираци кај разно разни мајстори за она што го учеле во процесот на средно образование, практично да научат што е тоа и како изгледаат тие делови и да се вклучат во процесот на работата,па имаме завршени машинобравари кои не знаат што треба да работат кога ќе застанат покрај машината, имаме дреари кои не знаат како изгледа машината, а камо ли пак да направат дел, имаме ѕидари кои не знаат како да ѕидаат и во моментот со години наназад работничките универзитети и други приватни институции се тие што прават дообука за да можат овие луѓе да се снајдат на пазарот на трудот.

Ќе се запрашате ли зошто немаме заварувачи во Република Македонија што се без работа, зошто немаме тесари и ѕидари во Република Македонија кои се квалитетни, а се без работа, заради тоа што во моментот отидоа и во Италија и во Словенија. Со ова задолжително средно бесплатно образование ќе обучиме квалификувана работна сила по нови програми. Заради тоа е брзањето, Бирото за развој на образованието да донесат програми кои ќе бидат во функција на пазарот на трудот, вистинско оспособување на младите луѓе, а не да учат а повторно ништо да не знаат и да не бидат корисни за државата и невработени со години.

**Љубиша Георгиевски:** Повелете господине Ивановски вашата контра реплика.

**Игор Ивановски:** Дури и да сакам нешто што е демагошки, не можам да се мерам со вас. Ваква демагогија, не знам. Изгледа ова е задолжително средно школо за демагогија.

Она што сакам да го кажам е, да, јас сум против ваквиот конкретен закон за задолжиртелно средно образование, предложен од Владата на ВМРО-ДПМНЕ, бидејќи со истото не се постигнува очекуваниот ефект. Ако земам дури и да се точни вашите тези, со истото само ќе направиме уште поголем број на неквалификувани луѓе, луѓе кои не знаат да работат, бидејќи суштината на проблемот не е во бројката, во квлаитетот е, во програмите е, во наставните работи. Вие одите од крајот, а не од почетокот.

И на крај, колешке Бонева, дали кога 4 месеци разговаравме за промена на Уставот, не лажевте вие, ве лажел вас, или на крајот сите вие ја манипулиравте македонската јавност.

**Љубиша Георгиевски:** Само една корекција господине Ивановски.

Овој закон не е предложен од страна на ВМРО-ДПМНЕ, туку од Владата. Вие рековте од ВМРО-ДПМНЕ.

**(** Пратреникот Игор Ивановски реагира од место)

Ќе провериме. Немам причина околу да правам некој проблем. Не е страшно. Јас сакам да објаснам уште еднаш затоа што луѓето што не гледаат можат да помислат и тоа, што не е скандал. Секоја група има право да предложи. Во овој чај мислам така рековте, но ако вие мислите, дека не рековте, нека биде така. Нема никаков проблем. Ќе покажат стенографските белешки.

За реплика се јави господинот Павле Трајанов.

**Павле Трајанов:** Благодарам претседателе,

Јас сакам да полемизирам со пратеникот Игор Ивановски, околу неколку работи.

Прво, дали овие законски решение се во согласност со Уставот на Република Македонија. Повеќе од јасно е дека не се во спротивност со Уставот на Република Македонија. Евентуално, ако има некои одредби кои се спротивни на Уставот, тоа може да го оцени Уставниот суд на Република Македонија. После донесувањето на Законот, секој пратеник, секој граѓанин мможе да покрене иницијатива до Уставниот суд и тие дилеми ќе се расчистат. Но, сметам дека

одредбите не се во спротивност со Уставот на Република Македонија.

Што е интенцијата?

Бидејќи ние сега неколку дена расправаме околу тоа дали е во согласност со Уставот, дали ќе обезбедиме поквалитетно образование, мислам дека е потребно нивото на образование, на знаење кај граѓаните на Република Македонија во целина, кај младата популација, да се подигне и јас овој закон го разбирам токму во таа насока дека Владата предлага законски решенија со кои ќе обезбеди на најголемиот дел на млади луѓе да се стекнат со средно образование, да научат да работат со компјутери, да бидат добри информатичари, да знаат најмалку еден странски јазик, се со цел да се подготват да можат побрзо да се вклопат во работните процеси. Тоа е интенцијата. Значи, едукација, подигање на степенот на образование кај граѓаните во целина, зборуваме сега за младата популација. Мислам дека ниту СДСМ, ниту било кој друг не треба да се спротивставува на тоа што во Република Македонија ќе се подигне степенот на образование и тоа ќе биде бесплатно, бидејќи ако е задолжително државата има обврска да обезбеди услови, сите граѓани без разлика на социјалната положба, да можат тој степен на образование да го завршат. Тоа е интенцијата и во тој правец е поддршката од поголемиот број пратеници.

Ако расправаме, или ако се спротивставуваме само заради тоа што него го предлага актуелната Влада, имаше шанска да се подобри квалитетот на образованието во изминатиот период. Не е направено ништо и не можеме да се согласиме дека Република Македонија има добар систем на образование, а заостануваме во сите други области, во споредба со другите држави. Значи тука работите треба да се менуваат. Затоа реформите во образованието што ги предлага Владата односно надлежното Министерство, мислам дека треба да добијат поддршка и ние треба да расправаме за квалитетот, за видот на образованието, а помалку за тоа дали треба да биде задолжително средното образование, или не.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Една минута контра реплика за господинот Игор Ивановски.

**Игор Ивановски:** Драго мие е што барем некој од владеачкото мнозинство има пореален пристап.

Последните зборови на колегата Трајанов покажуваат дека не е најголемиот успех во тоа дали ќе дополните 12% повеќе и ќе го направите пофатот 100% во средното образование, иако тоа е многу потребно, туку дали на сите ќе им овозможите квалитетно средно образование. Со овој закон ние не разговараме за тоа. Со овој закон ние разговараме во типот на една весела математика, имаме потреба уште за 12% да го зголемиме опфатот, а не кажуваме како, зошто, што ќе се случи со тие луѓе, дали ќе им пратиме порака на идните наши средношколци дека треба да се запишат на факултет и да учат, ама при тоа да знаат дека можеби ако работат во некоја институција ќе бидат сменети заради партиска припадност, или ќе бидат цензурирани заради нешто друго. Тоа е многу битно.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Весна Бендевска.

**Весна Бендевсја:** Благодарам претседателе, почитувани колеги, почитувани претставници на Владата,

Пред нас во собраниска процедура Владата достави, со предлог за скратена постапка да го усвоиме зкаонот за измени и дополнувања на Законот за средно образование, а јас пред вас ќе се обидам со документи и факти да објаснам зошто во овој момент овој Предлог закон не смее да биде усвоен од страна на Собранието на Република Македонија. Не смее да биде усвоен затоа што 7 месеци Владата на Република Македонија се обидува, под флоскулата дека му предлата на Собранието на Република Македонија да носи хармонизирани закони со Европското законодавство, дефакто ние носиме закони во скратена постапка, избрзани закони, непроверени закони, практично неприменливи закони на терен. Тоа е пораката, за жал, што во овој момент Република Македонија ја праќа кон Европската комисија и тоа едно многу суптилно време, во пресрет на тоа кога го чекаме Извештајот со кој ќе се определи датумот за преговори за рамноправно членство на Република Македонија.

Ќе се обидам пред вас, со ваши аргументи, односно со непостоење на аргументи да го протурката на мала врата овој закон.

Со големи зборови дека ВМРО-ДПМНЕ се залага за сериозни реформи во образовниот систем, како предуслов за приближување кон европските стандарди и тоа во сите степени на образованието и со наводи дека клучна насока на која во иднина ќе се потпира образовниот систем е токму задолжително и бесплатно јавно средно образование, е само гола вода како тип на образложение кое го имаме во рака.

Почитувани пратеници, Министерството за образование и наука во месец февруари 2007 година изготви Извештај за потребата од реални реформи во образовниот систем, кои ги држам во рака и кои ќе ги коментирам и на кои ќе им спротивставам сериозни противаргуемнти.

Владата на Република Македонија, стои во Извештајот, се определи за отпочнување на процес на реформи во образовниот систем. Не е точно, господа. Во 2005 година Владата предводена од СДСМ донесе Национална програма за развој на образованието за периодот 2005-2015 година. Тогаш започнаа сериозни реформи во образовниот систем. Вие како факт го имате вметнато во вашиот Извештај. После сериозна двегодишна интензивна подготовка на училшната мрежа и кадрите, СДСМ се обиде да ја имплементира својата заложба, конкретна,

јасно искажана за зголемување на траењето на задолжителното образование и се премина од оваа година од осум годишно на девет годишно со можност да се создадат услови во македонското општество, откога ќе се создадат реални, конкретни претпоставки да преминеме на десет годишно задолжително образование. СДСМ има јасен став, да во Република Македонија мора сериозно да се работи, со сериозна намера на сериозни реформи во образовниот систем. За жал, би рекла. Токму Владата на ВМРО-ДПМНЕ предводена од господинот Груевски, во која министер за образование господинот Рушити, кој за жал во овој момент не е присутен, бидејќи навистина сакав да подебатирам со него околу овие конкретни податоци кои тој ги добил на своето биро од својот сопствен сектор, а не ги испочитувал ког апред Влада на седница на Влада го доставил барањето за поднесување на Предлог закон за измена и дополнување, ќе мора да одговори на следниве прашања.

Извештајот го вели следното: "мора да се пристапи кон поднесување на иницијатива за уставните измени, кои се однесуваат на редефинирање на уставната позиција на образованието, кое во иднина ќе се потпира на задолжително и бесплатно јавно основно и средно образование и се разбира приватните образовни установи во сите степени од образованието". Тоа смета Владата "тоа ќе придонесе кон подигање на нивото на образованието на сите млади и возрасни, со посебен акцент на зголемување на нивните стручни, работни и социјални компетенции". И, тоа е во ред. И ја поздравуваме ваквата иницијатива. Не само што ја поздравуваме, ние ја започнавме, почитувани колеги. Вие не измислувате гола вода со ова. Реформите во образованието навистина ќе траат долго. Секој од нас мора навистина да се обиде да имплементира свој начин и свое видување, своја сериозна намера да работиме на овој проект. Самото Министерство заклучило дека е реално да се очекуваат и препреки на патот на реализацијата на реформите. И, ги дефинирала како од субјективна и објективна природа. Субјективните пробелми би биле резултат на капацитетите на институциите на Министерството за образовани и наука и замислете, ова е врв на цинизам кој го имам чуено, бидејќи до сега владите воопшто не воделе политика за управување и развој на човечки ресурси. Во рака држам изводоци од сите медиуми кога пред два дена, токму Владата го демонтира, го расформира најуспешниот Секретарјат за европски прашања во Министерството за евроинтеграции. Во кој момент оваа Влада, со кој аргумент ќе покаже дека нависитна сака да спроведува сериозни реформи во образованието. Еве го контра аргументот. Вие распуштивте тим кој работеше на прашалникот и кој придонесе сериозно на добивањето на кандидатскиот статус.

**Љубиша Георгиевски:** Прва, бидејќи инсистирате и понатаму, ова е прва дигресија.

**Весна Бендевска**: Говорам за потребата на донесување на Предлог закон за измена на Законот за средно образование. Во вашето образложение пишува дека Владата на Република Македонија предводена од ВМРО-ДПМНЕ смета дека образованиетое една од најсериозните општествени сфери каде што ургентно мора да делува со своја политика. Јас го ставам под знак на прашање капацитетот на оваа Влада и искрената намера на оваа Влада кога ни го поднесе овој Предлог закон. За тоа говорам. Бидејќи на овој начин, со овој пример кој сега го спомнав, дејуре оваа Влада ќе предлага Собранието да носи закони согласно Европското законодавство, а дефакто се работи на сценарио со кое сериозно се оддалечуваме од Европската агенда.

Во ИзвеШтајот на Министерството за образование и наука пак објективните препреки се сериозно разгледани и се констатирани. Постојат објективни препреки кои ќе го закочат можниот брз развој на реформите во образовниот процес. Свесни, велат, за овие работи Министерството за образование и наука ќе преземе повеќе активности на кои ќе треба да се дадат одговори на веќе отворените прашања. И, целта на ваквите анализи, вели Министерството за образование и наука, значи во февруари Министерството намерава да отпочне со сериозна анализа за навреме да бидат идентификувани слабите точки, кои би можеле да го забават процесот на реформи, со цел истите да се отстранат. Во февруари 2007 година Министерството јасно кажува дека ќе отпочне. На почетокот на април вие во забрзана постапка ни предлагате да го донесеме овој закон. Затоа, овој закон има сериозна маана. Фабричка маана. Овој закон не е поткрепен со сериозна, структурна анализа, кое Министерството за образование и наука само кажува дека има намера да ја спроведе. Тогаш, зошто не сме почекале. Пред на Собрание да ги достави Министерството резултатите од таа анализа. Зошто не се обидеме да носиме сериозни закони , применливи закони, со кои ќе докажеме, да, оваа Влада сака да работи на реформи во образованието. Ние не можеме да бидеме заложиници на една идеа. Сите закони за 2007 година мора ударнички да ги донесеме до јули. Па, ќе ги носиме буквално недообработени, непоткрепени, неанализирани.

Господине претседателе, ве молам, уставна обврска на овој законодавен дом, на чие чело стоите токму вие, е да носиме сериозни закони, да дебатираме околу потребата во кој момент, кој закон треба да се донесе. Тука нема дигресии. Тука го покажуваме нашиот сериозен однос кон нештата, за кои граѓаните на Република Македонија не плаќаат тоа да го изработиме.

Министерството за образование и наука во поглед на механизмите за контрола на проодноста на учениците, според досегашното

искуство од задолжителното основно образование, покажува дека државата велат нема доволно ефикасни механизми да го обезбеди присуството на децата во училиштата. Сосема се согласувам со овој факт. Најизразени пробелми од овој вид, вели Министерството, се појавуваат кај децата од руралните области икај децата Роми, И со ова се согласувам. Токму за тоа Министерството за образование и наука во процесот, велат, во изготвувањето на законскиот корпус за основно и средно образование предвидува лепеза од мерки и активности од превентивен карактер, но и на заострување на казнените мерки на оние родители кои по исцрпувањето на сите предвидени можности, нема да ги пуштаат своите деца во школо. Во раце го имам стенограмот на почитуваниот пратеник Владимир Ѓорчев, кој во еден сегмент од своето излагање го рече следното: “ние имаме ситуација во моментов на родители кои што немаат пари. Едноставно немаат пари во моментов да им платат карти за билет, на пример во Скопје или во внатрешноста од некое село до градот и едноставно нивните деца се осудени да не можат да продолжат понатаму кон средното образование”. За жал ова е секојдневние во Република Македонија. За жал, имаме голем слој од населението, кој економски нема да може да поднесе да плаќа глоби од 1000 евра, бидејќи нема доволне моќен социјален статус за да ги пратат своите деца во школо. И, што правиме ние? Што налагаме ние? Каква е оваа реформа? Што ќе постигнете, почитуван заменик министер со глобата од 1000 евра, кога ваш пратеник констатира, да, постојат родители кои немаат пари ни за билет. Вие промовирате, да, бесплатно средно образование во јавните установи, но секој родител знае дека цената на чинење на образованието не е само во бесплатни учебници. Тоа дете треба да се облече, на тоа дете му требаат дополнителни предмети за образованието и ова ќе биде сериозен удар врз економскиот статус на секој граѓанин на Република Македонија. Ова е сериозен недостаток на овој закон, кој токму сега вие, како што велат, нашите соседи “грлом у јагоде” го носите. Неподготвени, без да знаете какви импликации ќе има на терен. И, ќе продлжам.

Токму ова е сегментот на кој сакам најмногу да дебатираме околу Извештајот на Министерството за образование. Цитирам: “продлабочената анализа ќе треба да ни покаже колку средства ќе бидат потребни за воведувањето на задолжителното средно образование, но исто така ќе се добијат и конкретни податоци за тоа”. За онаа анализа која тие намеравaат да ја направат, меѓутоа од февруари до почетокот на април сериозно не ја имаат ни отпочнато. Дали Македонија ќе може да обезбеди доволно наставен кадар за почетокот на правата година на примена на задолжителното средно образование и понатамму согласно динамиката. Во вашиот предлог таа почетна година за примена на овој закон ќе биде следната учебна година. Колку се ефикасни постојните контролни механизми за обезбедување на проодност од основно во средно образование и контрола на посетување на средното образование на сите ученици во Република Македонија. Министерството ќе се обиде со анализата да утврди кои видови кадар се дефицитарни. А, вие ни го нудите законот. Министерството не знае дали и каков тип на кадар е дефицитарен. И вие имате сериозна намера сериозни реформи во образованиеto да правите. Не е точно. Сериозна е вашата намера да се продолжи со создавање на хаос онаму каде што барем малку од малку беше започнат обид ситуациите да се доведуваат во ред.

Финансиските импликации врз Буџетот во државата, кои ќе бидат предизвикани од обврската за сместување на учениците по домови, превоз и т.н., сеуште не е изготвена како анализа во прилог на овој предлог закон.

Владата на Република Македонија, Министерството за образование и наука и единиците на локалната самоуправа како трипартитен систем, како партнери во имплементацијата на оваа реформа заеднички учествуваа во креирањето на системот на средни училишта, особено стручните, почитувајќи ги локалните особености и можности за локален економски развој. Е, ова е вториот врв на цинизам и на иронија. Каде видовме дека Владата се договорила со Заедницата на единиците на локалната самоуправа за проодноста, за можноста овој закон да се имплементира на терен односно на територијата на општините во Република Македонија. Повторно ќе потсетам, системскиот закон за локална самоуправа ја обврзува Владата за соработка со општините преку нивното соопштение. Законска обврска на Владата беше за сите, согласно член 80, за сите прашања од интерес на општините и тоа за законите што се однесуваат на општините, износот на општата дотација што Владата им ја доделува и изворите на финансирање на надлежностите, мора да се во тесна соработка помеѓу Владата и општините. Вториот став вели “за соработка по овие прашања, мора да се подготви извештај во кој ќе се наведе, по кои прашања е постигната согласност, а по кои не и зошто”.

Трето, почитуван претседателе, тој извештај Владата е должна да го поднесе до Собранието на Република Македонија со сите придружни документи. Каде е овој извештај, господине претседателе, зошто не сме ги добиле во моментот кога во собраниска процедура сте го ставиле како точка на дневен ред. Зошто некој свесно го крши Законот за локална самоуправа,особено при донесување на измена на Законот за средно образование, кое ќе биде во надлежност на единиците на локална самоуправа. Тоа е еден од најголемите елементи за кои во овој момент ова Собрание не треба да

гласа во корист на потребата на донесувањето на овој Предлог закон.

Дали на овој начин повторно се прави обид да се закочи процесот на децентрализација, не знам, но знам дека доколку го усвоиме овој Предлог закон ќе ги доведеме општините во уште посериозна ситуација.

Пред некој ден, почитуваните колеги од владеачкото мнозинство гласаа против зголемување на средствата, кои централната власт ќе ги трансферира до општините. Сега, наметнуваме со овој закон дополнителни надлежности, дополнителен товар, дополнителни обврски. Е, тоа ќе треба, почитувани пратеници од владеачкото мнозинство во тесен контакт со граѓаните, вие сами да го објасните. Кога ќе почнат општините од каде доаѓате да се соочуват со сриозни финансиски проблеми.

При крајот на овој ценет извештај од Министерството за образование и наука, Министерството заклучува и вели: “целосно сме свесни дека воведувањето на средно образование ќе значи и дополнителни средства од Буџетот на Република Македонија наменети за образованието и дека воведувањето на задолжителното средно образование, нема да може да се изврши во една година”. Ова го подготвува Министерството за образование и наук апод раководство на министерот Рушити како дел од Владата на господинот Груевски, а ова е токму тој Предлог закон, кој на почетокот на април месец, токму вие господине претседател, го ставате во собраниска процедура. Умеете ли да ја објасните сопствената контрадикторност. Имате ли сериозни аргументи.

На 1 април, навистина нема да зборувам околу симболиката на датумот, но знам дека тоа беше ден откако се одржа, простете ми за оваа дигресија само околу датумот е, откако јавноста во Република Македонија искажа јасен став дека има демократски капацитет и кога ќе се соочи со сериозна намера за цензура знае да рече не и под тој притисок, за среќа, и за моја лична гордост во Битола се одржа една многу убава претстава. Господинот премиер до сите образовни институции го достави писмото...

(Реагираат пратениците од позицијата да се држи до точката на дневниот ред).

**Љубиша Георгиевски:** Ајде ве молам, продолжете.

**Весна Бендевска:** Ги цитирам неговите зборови: “Владата на Република Македонија ја согледува и високо го вреднува образованието како високоприоритетна сфера во оваа држава и токму затоа ја има поставено високо во агендата на своите приоритети настојувајќи да заземе пристап каде сите субјекти заеднички ќе учествуваат во процесот на решавањето на сите отворени проблеми и прашања и токму затоа Владата на Република Македонија и јас како нејзин премиер чувствуваме потреба да ја искажеме својата длабока загриженост поради зачестените негативни состојби и трендови во одделни основни и средни училишта”.

Ова е темата за која денеска дебатираме. Имаме сериозни проблеми во образовниот систем. Ги имаме, констатирани се , дајте начин сериозно да ги решаваме. Но, тие проблеми нема да се решат со еден упад за писмо кое задолжително се чита пред седници на наставнички совети...

**Љубиша Георгиевски:** Втора дигресија. (Реагираат пратениците од позицијата велат дека е трета дигресија).

Дозволете јас да кажам која дигресија, ве молам да не се мешате.

**Весна Бендевска:** Јас навистина ја чувствувам вашата нервоза. Во недостаток на аргументи со кои ќе дебатираме вие ми упаѓате во збор.

На крај, ќе укажам на две можни сериозни импликации, до колку гласаме во корист на потребата за донесување на овој закон.

Сакам да цитирам една мудрост. Обично мудрите учат од туѓи грешки, од туѓо искуство, помалку мудрите со тврда глава одат преку сопствено искуство за да ја научат сопствената грешка. Токму тоа го правиме.

Значи, држам белешка во која стои дека Хрватска го одложи задолжителното средно образование. Еве еден пример на земја која пред извесно време беше далеку зад нас во евроинтеграциските процеси, за жал, во последно време со брзина на светлина не претекнува, Хрватска се обиде да го стори токму ова. Меѓутоа, Хрватска се откажа од плановите да воведе задолжително средно образование во следната учебна година откако Владата не успеа на време да го измени Уставот и да ги донесе потребните закони за да го воведе ова решение. Министерот за образование на Хрватска се судрил со уставн експерти и правници околу тоа дали мора да се менува Уставот за да се воведе задолжително средно образование. Експертите инсистирале Уставот да не се менува сепак да почне со реформи Хрватската влада во следната година, значи Хрватската влада увиде дека е ова потешкиот практично неприменливиот начин затоа од следната година ќе воведе стимулации за родителите, бесплатни учебници и слични мерки за да го намали бројот на деца кои остануваат вон средношколскиот систем, а во даден момент, претпоставувам по опстојна анализа ќе се обиде повторно да го актуелизира како сериозно прашање.

Со идејата на владеачката Хрватска демократска заедница, која претпоставувам како ваш сериозен партнер со кој добро соработувате ќе престанеше со исфрлањето на средношколците поради дисциплински проблеми и ќе се воведеше закон со обврска и стимулации за родителите да ги запишат своите деца во средно, Владата пресметала дека ако не го воведе овој систем, за 10 години ќе загуби 85 илјади деца. Дајте да учиме од туѓи примери, дајте да бидеме практични, дајте да бидеме целисходни, да оставиме време и простор Владата односно

Министерството сериозно да работи на анализа која самото ја предвидело во сите сегменти, да ги открие субјективните и објективните пречки на кои ќе наиде во реализацијата и навистина да влеземе во еден долгорочен, сериозен систем на реформирање на образовниот систем во Република Македонија.

Мене ми е многу жал што додека говорам по овој закон во салата го нема почитуваниот министер за образование господинот Рушити, бидејќи ќе побарав одговор на едно прашање кое сериозно ме загрижи. Станува збор за весникот "Време" со вчерашен датум во кој стои следниот напис:

"Министерот за образование годинава предвидел околу 1600 места повеќе за упис во средните училишта за учениците од албанска националност и покрај тоа што директорите реагираа дека училиштата немаат ниту кадровски ниту просторни услови да примат толкав број ученици".

Споредбата меѓу минатогодишниот и годинашниот конкурс за упис во средните училишта покажува дека годинава Министерството за образование и наука само во Скопје предвидело да се запишат околу 1000 ученици повеќе. Некои од директорите се збунети, затекнати од конкурсот објавен завчера и велат дека во нивните училишта не постојат никакви услови за да се запишат толку ученици. Тие се едногласни дека годинашниот конкурс за упис е напумпан и дека сето ова се случува Министерството да докаже пред јавноста дека државата има капацитет да почне да го спроведува задолжителното средно образование.

Ќе го искористам своето право и на писмено ќе доставам пратеничко прашање до почитуваниот министер, бидејќи ова е многу сериозно, ова е еден од начините и обидите вештачки да се поткрепува овој Предлог-закон кој го донесуваме по итна постапка без да образложите зошто е толку итна и неопходна освен дека на Владата на Република Македонија, на премиерот Никола Груевски му требаат донесен закони како бројка, како квантитет, а не како квалитет, за да докаже, претпоставувам, дека знае и умее со 15 часа да ја исполнува својата преамбициозна агенда, но, за жал, губиме на квалитет, а само со квалитетни закони и со квалитетно законодавство ќе бидеме успешни во Извештајот од Европската комисија кој го очекуваме секој момент. За жал, во Македонија се случуваат страшни работи. Во Македонија се случуваат работи кои, не дај Боже, ќе бидат импликација во Извештајот за кој повторно во ова Собрание ќе дебатираме со вас. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Господинот Александар Николовски е пријавен за реплика, госпоѓа Флора Кадриу за реплика, но пред вас ќе добие збор господинот заменик министер за образование, повелете.

Збор или реплика имате право да одберете.

**Јован Лазарев:** Нека биде реплика, ќе биде пократко.

Почитувана пратеничке многу работи искажавте, нема време со сите да полемизирам, меѓутоа, само околу една ваша констатација дека Министерството нема да може да го имплементира овој закон за една година.

Сакам да ви кажам дека планот за имплементација на овој закон е четири години. Како? Тој ќе стартува во идната учебна година, како што можете да видите во последниот член од овој зако, 2008 и 2009 година. Значи, пред нас имаме една година за подготовки. Во 2008 учебна година и 2009 ќе стартува прва година од задолжителното образование. Следната година ќе биде прва и втора година, па понатаму прва, втора и трета година, прва, втора, трета и четврта година. Значи, пет години за имплементација на овој проект, што е доволно време да се подготвиме и да ги создадеме сите услови за реализација на овој проект.

Околу стимулациите кои сега ги планира Република Хрватска, тие стимулации јас еднаш или два пати ви кажав овде што планира нашето Министерство односно нашата Влада да воведе стимулативни мерки особено со бесплатни учебници за сите социјално загрозени семејства односно сите социјално загрозени ученици ќе добијат бесплатни учебници веќе со почетокот на оваа учебна година односно следната учебна година од месец септември.

Околу уписот, исто така јас кажав овде дека со конкурсот за средно образование се предвидени повеќе слободни места отколку има реално ученици. Околу две до три илјади места се повеќе од реалниот број на ученици. Тоа е се со цел на сите деца да им овозможиме да си го остварат своето уставно право да се школуваат. Без оглед дали се Македонци, Албанци, Турци, Роми, Срби и било што. Значи, ние го оствaруваме овој проект уште од оваа година, се разбира доброволно за сите оние што сакаат да се запишат. Сите деца кои ќе изразат желба да учат во средно образование, ова Министерство и оваа Влада ќе им го овозможи тоа. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Вашата контре реплика госпоѓо Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам претседателе.

Јас сум запрепастена од вашиот одговор почитуван заменик министер. Јасно ми беше кога го видов Предлог-законот дека ситуацијата ја гледате преку розови наочари. Вашиот одговор сега ми изгледа комплетно портокалова перспектива на гледање на работите. Како може да кажете дека конкурсот е пренапумпан за 3000 места за да може секое дете да си го оствари своето уставно право. Каква е ова флоскула, каква е оваа демагогија, па директорите велат дека немаат простор, нема кадар, нема каде тие деца во овој момент да ги остваруваат своите уставни права. За тоа говориме. За немањето простор, за немањето кадри. Во што влегуваме? Дали има одговор? Во што Република Македонија влегува со донесувањето на овој закон. Лесно е

да напишете конкурс, тешко е да обезбедите простор, кадар, услови за тој конкурс да биде успешно реализиран. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Реплика има господинот Александар Николовски, повелете.

**Александар Николовски:** Благодарам претседателе.

Навистина со отворањето на некои теми СДСМ си прави лоша услуга сама на себе односно колешката и прави лоша услуга на претседателката на СДСМ и во таа насока би сакал да реплицирам.

Го спомнавте Секторот за евроинтеграции и вчера и денеска. Вчера не мислевме да реагираме, но еве, заради тоа што очигледно може да продолжи темата во текот на целата дебата, би сакал да потенцирам три работи.

Првата работа е многу непринципиелно и правите лоша услуга на госпоѓа Шекеринска со тоа што го отворате прашањето заради тоа што вие овде шест месеци ни кажувате дека работите во евроинтеграциите не одат, дека Македонија не оди напред, дека има застој. Ако има застој, тогаш најодговорен е т.н. шампионски тим кој ги спроведува тие евроинтеграции односно работи на тие евроинтеграции. Значи, ако шампионскиот тим веќе не дава голови, треба да оди во пензија и треба да се најде нов шампионски тим за кој говориме. Тоа е политичкиот момент.

Вториот е партиско роднинскиот момент, а тоа е на пример да го запрашате вашиот шампионски тим како материјали за вашиот конгрес беа печатени, беа копирани, беа обработувани токму во тој шампионски тим во просториите на Владата.

И најбитното прашање, немојте да го отворате ова прашање заради тоа што и правите лоша услуга на Радмила Шекеринска и Бранко Црвенковски заради тоа што од Секторот за евроинтеграции како никаде на друго место во Владата на СДСМ беа присутни роднинско партиските врски.

Вие говорите за почитување на Законот за државни службеници, сега сакам да ви поставам неколку прашања. Како Маја Ханџиска, ќерка на Благој Ханџиски сегашен амбасадор, бивш функционер, добива унапредување во Секторот, како добива стипендија од 20 илјади евра за постдипломски студии кои никогаш не ги завршила, како Јован Деспотовски, член на Претседателството на СДСМ и главен фронтмен во битката против Бучковски кој даваше изјави за кои ми е срам да ги кажам тука, добил унапредување во истиот Сектор, како неговиот брат Иван Деспотовски добил унапредување и како Мира Секуловска, случајно сестра на вашата претседателка исто така добива унапредување.

Ова се прашања кои македонската јавност сака да ги знае и сака да добие одговор. Ве молам немојте понатаму да го отворате прашањето заради тоа што си правите лоша услуга, заради тоа што губите.

На крајот, тие луѓе не се избркани од работа, тие луѓе не ја изгубија својата работа, тие луѓе се само донесени онаму каде треба да бидат донесени според хиерархијата, значи не го правиме она што го правевте во 2002 година масовно да се бркаат луѓе од секаде каде можат да се избркаат, само заради тоа што биле вработени во 2002 година. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Контра реплика госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Ќе се обидам за кратко време да дадам два одговори.

Вие господине Николовски очигледно сте се успале во вашата изборна победа и сте заборавиле дека на местото на Радмила Шекеринска како предводник на тимот кој успеа на Република Македонија да и го додели кандидатскиот статус, во овој момент е Габриела Коневска Трајковска.

Ве почитувам и поддржувам, браво, вие побаравте во овој момент одговор од тимот кој е предводник, тоа е Габриела Коневска Трајковска.

Ајде господине Николовски јас и вие да побараме да поднесеме барање за интерпелација токму на овој министер според кој вие сега јавно искажавте дека неуспешно работи во процесот на евроинтеграциите. Го растуривте тимот кој ја помина твининг програмата платена од Република Словенија и кој го одговори Прашалникот за неверојатно...

**Љубиша Георгиевски:** Сега реплика има госпоѓа Флора Кадриу, повелете.

**Флора Кадриу:** Почитувана колешке, мора да укажам на реалноста дека вие со вашиот говор оставивте впечаток дека единствено способна Влада е онаа на СДСМ укажувајќи на вашиот индивидуален сомнеж кон капацитетот на денешната Влада.

Епа, почитувана колешке, тоа е ваше право да размислувате онака како што сакате, но вистината е дека Владата на СДСМ немаше капацитет да ги изврши овие реформи додека беше на власт и денешната Влада со поставување на овој Предлог за изменување и дополнување на Законот за средно образование во агендата на седницата на Собранието на Република Македонија укажува на сериозноста и свесноста која ја има оваа Влада за своите капацитети и своите способности за реализација на реформите во образованието со што, не само што ги исполнува обврските кон Европската унија, туку ги исполнува истите оние ветувања кои ги даде на своите граѓани.

Што се однесува до паричните казни односно глобите би рекла само дека за секоја дејност има санкционирање и наградување. Наградата, стимулацијата во овој случај е индивидуалната и генерална образовна надградба, а со тоа напредување на државата во сите сфери особено во економијата и социјалата, па од сето

ова следи дека интересот на граѓаните и на државата на Република Македонија е толку голем што во однос на овој интерес глобите и износот, значи нивниот износ, дури би рекле дека се мали, но Владата е свесна за стандардот и затоа ги постави овие нормални глоби.

На крај, укажавте голема загриженост за зголемувањето на бројот на учениците Албанци во средното образование. Па да ве прашам, да не живеете се уште под носталгијата на поранешните мешовити паралелки? И да ми одговорите на едно лично прашање, дали ви смета зголемувањето на бројот на учениците Албанци во средното образование? Затоа што тоа е веќе минато.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Госпоѓа Весна Бендевска повелете со вашата контра реплика од една минута.

**Весна Бендевска:** Благодарам.

Нема да успеете почитувана госпоѓо Кадриу да ми импутирате нешто што не го реков. Читав натпис објавен во печатен медиум, за кој барам одговор од најповиканиот, а тоа е министерот, господинот Рушити, кој е претставник на вашата политичка опција. Можеби денес не е тука присутен, но јас овој одговор ќе го добијам. Сакам што поголем број албански ученици да добијат квалитетно образование. Да имаат простор каде што ќе можат да учат на сопствен јазик и да се образуваат. Тоа е мојот став јавно искажан. А не тие деца да ги трупаме во училници кои ќе бидат преполни во едни несериозни услови, бидејќи така дополнително ќе ја усложниме ситуацијата. Ќе развиеме дополнително незадоволство. Јас сум за да создадеме услови албанските деца...

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам. Го завршивме овој циклус на реплики и контра реплики. Ве молам, сега збор има господин Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван заменик министер.

Во изминативе 9 месеци, овој е 9-ти месец како што сме пратеници, ова е трет пат како нов пратеник да се чуствувам непријатно кога треба да дискутирам за одредена тема.

Првата непријатност ми беше преку идејата по итна постапка да се донесе нов деловник во Собранието на Република Македонија.

Втор пат се чувствував непријатно, кога требаше да го носиме Законот за празниците, исто така по итна постапка.

Трет пат се чувствував непријатно, затоа што повторно носиме закон за задолжително средно образование по итна постапка.

Непријатното чувство произлегува оттаму што можеби идеата е добра да се воведе задолжително средно образование, можеби и претходните идеи за кои што говорев се добри, но, Владата очигледно, прво не дава аргументи и концептот кој што го нуди отвара многу прашања кои што сите нас треба да не засегнат, бидејќи ако Деловникот се однесуваше само за пратениците, ако Законот за празници дозволуваше повеќе неработни денови, со овој закон, сепак, навлегуваме во една сфера во која што, директно или индиректно, директно ги засега учениците, а индиректно нивните родители, се однесува на голема популација односно буквално на сите граѓани во Република Македонија. Навистина, не ми е јасно што е тоа што толку итно мора овој закон да помине по итна постапка во Собранието на Република Македонија, при тоа, Владата, или министерот во воведното излагање, не даде ниту еден аргумент, околу тоа, зошто мора овој Закон да помине по итна постапка. Зошто, исто така, се откажа владеачкото мнозинство од идеата, задолжителното средно образование да го воведе преку уставни измени. Дали затоа што постапката за измени и дополнувања на Уставот е процедура за која што е потребно двотретинско мнозинство, кое што има можност за јавна расправа и во кое што има можност да се соочат многу ставови и аргументи по однос на ова прашање. Зошто Владата сега бега од овие постапки. И сега воведува задолжително средно образование по итна постапка, во кое што ние сакаме да признаеме или не, никој нема идеа како ќе изгледа тоа задолжително средно образование. И се отвораат многу прашања, но и покрај целиот ризик, она што сакаат да ни го инпутираат целото владеачко мнозинство дека ние сме против образованието. Јас би дискутирал за одредени прашања, но и покрај тоа, не сакам некој погрешно да ме разбере и да мисли дека сме против образованието. Не е добро оваа практика на Владата жешките прашања да ги става по инта постапка, па потоа да води политичка кампања, кој е за, а кој е против. Овие се прашања за кои што колку има поширок консензус, толку е подобро и повеќе ќе се примени во праксата. Вака сега ќе се делиме, вие сте за, ние сме против и сега некој ќе вика дека ние сме против образованието. Не држат тие аргументи. Никој не е против образованието. Никој не е против тоа да се надградува, да учи или да се оспособува во одредена област. Проблемот е концептот кој што се нуди и начинот на кој што Владата го доставува до Собранието. Мислам дека ваквиот начин на работа прво многу зборува за односот на Владата кон Парламентот, а и сериозноста за нејзиното однесување кон едно такво важно прашање, како што е задолжителното средно образование. И ако реално сакаме да разговараме за ова прашање, мислам дека во најмала рака требаше Собранието да донесе заклучок да оди во две фази. Без разлика на итноста, дали од наредната година или по наредната година ќе треба да се воведе задолжително средно образование. Не е тоа прашање кое што за една година ќе заврши овој проект. Ова е прашање кое што генерации и генерации по него ќе треба да се образуваат и

иднината на сите тие генерации ние сега треба по итна постапка на некој начин да ја решиме овде во Собранието.

Мислам дека ваквата пракса и ваква одговорност, тешко може некој да преземе, да се донесе под знакот на итност. Во иднина апелирам уште помалку ќе прифатам некој да рече дека опозицијата е против образованието. Меѓутоа, бидејќи Владата решила така, очигледно и требаат проекти, очигледно и е потребно да биде присутна во јавноста и да создава атмосфера дека нешто се работи во државата и дека овие закони се клучни и дека овие закони ќе придонесат за економскиот развој, ние сме ставени во ситуација да дебатираме за ова прашање и да поставуваме прашања. Се надевам до министерот кој што ќе има доблест да ни одговори на некои прашања.

Главното прашање ако го гледаме Законот, е дека ќе се воведе задолжително средно образование. Немаме никакво објаснување што значи тоа задолжително средно образование во делот на наставните програми. И самиот министер во експозето не знаеше да објасни какви наставни програми и за кои струки ќе се однесува ова задолжително средно образование и на кои нивоа ќе биде. Еве го стенограмот. Министерот во експозето кажува:"затоа што со наставните планови и програми може да биде предвидено постоење на едно годишно, двогодишно средно образование, како најниско ниво на квалификација во средното образование". Значи, стои зборот: "може". А како се нуди таков концепт со такво прашање може и не се знае. Дали Владата има потреба од една година за да ги подготви наставните програми. Зошто не ги подготви, не ни ја достави таа анализа овде во Собрание, ние да видиме кои се аргументите, дали оваа или таа струка треба да биде предвидена во тие наставни програми и после да дискутираме за ова прашање. А сега, во едно зборче може ќе биде предвидено едногодишно или двогодишно задолжително, ние ќе треба да воведуваме образование и тоа со казни.

Значи, кои се тие струки, го прашувам директно заменикот министер, за кои што ќе биде предвидено едно годишно или двогодишно средно образование? Претпоставувам дека овие другите сега што се учеа со три и четири години си остануваат. Кои се тие струки? Слушнавме од владеачкото мнозинство некои зборуваат, се однесувало на некои занаети. Ѕидари, заварувачи итн. Други кажуваат дека ќе се зголемело совладувањето на компјутерите и јазикот. Но сега знаеме дека со 9-то летката се воведува задолжително информатичко образование од четврто одделение. А дека јазикот се воведува во пониските одделенија. Значи, не држи таа аргументација од владеачкото мнозинство. И што е со оние струки кои што веќе постојат. Дали тие ќе си продолжат понатаму да се учат во средното образование. Значи, господине министре, би сакал да ми одговорите кои се тие наставни програми и кои струки ќе бидат опфатени со едногодишно и двогодишно стручно образование и дали веќе од некои постојни струки кои што постојат, можеби кои се во делот на стручното образование планирате да ги симнете на тоа ниво. Или ќе се однесува на нови. И ако некои од тие што сакате да ги симнете на тоа ниво, каков ќе биде односот?

Исто така, би сакал да го запрашам заменикот министер овде во анализата која што ни е дадена од страна на Министерството, стои дека во Република Македонија постојат 93 средни училишта. Од нив 10 се државни, 21 се во градот Скопје, општински училишта се 62.

Би сакал да ве запрашам во колку општини се распоредени овие 62 училишта. Дали имате таква анализа. И што ќе значи за оние општини каде што нема средни училишта. Дали Владата преку овој проект ќе ги покрива сите трошоци на оние родители кои што ќе треба децата да ги праќаат на школување во други општини, каде што не постојат средни училишта, или ако родителот сака да го прати во средно училиште, за кое што таква струка не постои во таа општина, дали ќе ги покривате трошоците, доколку иако има училиште во таа општина, ученикот сака да оди во друго училиште и тие трошоци ќе ги покриете.

Ова се сериозни прашања на кои што вие треба да одговорите. А не да ни кажувате само дека се воведува средно и сега некој е против, а некој е за. Тие се прашања со кои што практично ќе се соочите при имплементација на овој закон.

Исто така, би ве запрашал овие 2.278 ученици, кои што не се опфатени со наставата според анализите, кои што не продолжуваат во средно образование. Каков е нивниот распоред по општини. Во кои општини тие ученици се најмногу кои што не продолжуваат средно образование. И дали во тие општини постојат можности да се организира средно образование. И колку ќе ја чини државата, ако треба да се организира средно образование.

Сега имаме уште еден проблем кој што се појавува, а тоа е проблемот на постојните граѓани кои што имаат завршено средно образование. Дали сега тие на некој начин, кога ќе се воведе задолжителното срдно образование и по тие неколку години, овие ќе имаат некој приоритет. Дали Министерството планира да донесе закон за образованието на возрасните и на овие кои што веќе постојат, кои што се невработени и кои што вие тврдите дека можеби не одговараат на потребите на пазарот на трудот, ќе им понудите исто така бесплатно дообразование, односно бесплатно остручување. Дали за нив ќе важи. Како што порано постоеја работничките универзитети, кои што извршуваа доквалификација, а знаеме дека министерот Ненад Новковски ги укина од финансирањето под државна капа, дали ќе понудите алтернатива, ако веќе создаваме една генерација со задолжително средно, која би била по стручна од овие, бидејќи

вие така тврдите, дали за овие другите ќе понудите доквалификација.

И на крајот, би сакал само да ве запрашам што ако некој не сака да го продолжи средното образование. Што значи оваа казна, глоба во износ од 1000 евра во денарска противредност, ќе се изрече на родителот, односно старателот на малолетниот ученик, доколку ученикот не е запишан во средно училиште, или нередовно го посетува училиштето. Каков е тој начин да ги натерате родителите или учениците да се запишуваат во средно образование. Нека тргне економијата, нека почнат резултатите кои што ги ветувавте, јас ви гарантирам дека веднаш ќе се зголеми бројот на ученици во средно образование, кои ќе се запишат. И ако има потреба од тие. Дали со казни ќе воведуваме повисок степен на образование. Би сакал и ова да ми го објасните, глоба во износ од 800 евра во денарска противредност ќе се изрече на полнолетниот ученик кој нередовно го посетува училиштето. Од кога стана ученикот полнолетен и како ќе го казните, ако учи прво и второ задолжително образование. За кого е наменета оваа казна. Би сакал и тоа да ми го објасните. За оние што ќе повторуваат?

И на крајот би сакал да кажам уште една констатација во однос на бесплатното средно образование. Колку и да кажувате и да тврдите дека ќе биде бесплатно, праксата ќе ве демантира првата година кога ќе почне да се применува задолжителното средно образование. Нема бесплатно образование. Ниту основното сега е бесплатно, ниту средното ќе биде бесплатно. Да бидеме на чисто. И не може да тврдите. Би апелирал, не само за социјалните случаи да обезбедите бесплатни учебници, туку за сите да го направите тоа. Бидејќи со социјалната помош што некој ја прима не може да преживее, а не да го прати детето на училиште. Не може сметките да ги плати. А не само учебници. Знаеме, за да може да оди детето на училиште му се потребни многу други работи. Затоа мислам дека ваквиот концепт кој што го нудите и кој што тврдите дека многу ќе измени во Република Македонија, мислам дека е погрешен. Погрешен е во делот на она што се обезбедува преку казни, погрешен е во делот на концептот за кои што тврдите и не нудите никаква анализа дека овој проект ќе биде успешен. Благодаам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот заменик министер, повелете.

**Јован Лазаров:** Благодарам подпретседателе, почитуваниот пратеник постави многу прашања. Ако одговорам на сите ќе ми треба половина час, меѓутоа, во интерес на времето ќе се обидам на некои да одговорам телеграфски.

Прво, околу наставните планови и програми. Настави планови и програми и сега постојат и по истите наставни планови може да продолжи за должителното образование, како што е случајот и сега. Но се планира да се иновираат наставните планови, бидејќи многу брзо овде ќе дојде законот менување на основното образование, каде што ќе се воведе деветолетка, наместо сегашната осмолетка, која што ќе предизвика промена и на наставните планови во средното образование.

Во таа насока ќе има иновации. Нормално, ако деветолетката веќе значи деветгодишно образование, ќе има занимања како молери, фарбари и други некои занимања, кои што ќе бараат само едногодишна средна едукација. Ќе има занимање кои ќе бараат двогодишна и се разбира, занимања кои ќе бараат три годишно образование.

Околу тоа 93 средни јавни училишта, се разбира дека проблемот со немањето на средно училиште во секоја општина, во секое место и желбата на ученикот да се запише во училиште, односно во училиште за кое има афинитет, ние ќе овозможиме на тие ученици, бидејќи во Република Македонија  има 22 ученички домови со 4.000 легла, тоа се сега постојни. Понатаму проблемот ќе се решава и со обезбедување средства за транспорт на ученици во соседни општини, општини кои што се на раздалеченост од 10 км не претставува никаква далечина, бидејќи во Скопје ако едно дете од Сарај, или од Драчево, или од Сингелиќ учи во било кое училиште во Скопје тоа патува секојдневно по 10-тина км. Опфатот во Скопје е 100%. Значи немаме точно опфат во сите училишта и сите општини во Република Македонија, меѓутоа знаеме дека опфатот во Скопје е 100%, а најголемо расејување имаме во руралните општини. Вие веројатно не бевте тука на седниците во овие изминати два дена, па затоа поставувате прашања на кои што јас веќе одговорив, Законот за образование на возрасни, впрочем вчера одговорив, многу брзо тој закон ќе дојде овде во Собранието веќе на почетокот на мај. И таму се предвидува да има бесплатно образование, меѓутоа бесплатно онаму каде што и регуларното образование е бесплатно. Значи, за основното и средно образование. Доколку не се воведе праксата задолжително средно образование, тогаш тоа образование не може да биде бесплатно. Со воведувањето на задолжително средно образование, тогаш и она образование на возрасни на ниво на основно и средно образование ќе биде бесплатно.

Околу бесплатното образование, тоа ќе биде за редовното средно образование, за задолжително средно образование и исто како што и сега е бесплатно образование основното образование и бесплатно средно образование. Значи, нема да има никакви промени освен тоа што ќе се воведат социјални мерки.

**Љубиша Георгиевски:** Господине Николов, ако сметате на контра реплика, немате право, јас му дадов збор.

Реплика пратеникот Марјанчо Николов, повелете.

**Марјанчо Николов:** Благодарам.

Му благодарам на заменикот министер за одговорите. Значи, очигледно е дека со тоа што самиот кажа дека за сите прашања да одговори би било потребно најмалку половина час. Имаме многу отворени прашања по однос на овој проект кој што го нуди Владата, имаме многу неодговорени прашања и прашања кои што сериозно можат да значат неможност за реализација на овој проект кога ќе дојде да се имплементира во пракса. Значи, господине заменик министер, вие рековте, до 10км ќе се признава превозот од едно до друго средно училиште. Што е со оние кои што треба повеќе од 10 км да патуваат до средното училиште. Дали има и такви општини. За жал, не одговоривте, или еве дополнително доставете ни анализа каква е регионалната распореденост на средните училишта по општини во Република Македонија. И да видиме во која општина до кое средно училиште е далечината и колку ќе значи ако е над 10 км родителите сами си ги плаќаат трошоците за превоз на децата. Значи, уште едно прашање кое се отвора, а овде во Парламентот упорно се тврди дека ќе биде бесплатно. Значи, не држи и тој аргумент ако е точно она што вие го кажувате дека ќе биде бесплатно образованието. Мислам дека она што го кажавте, јас ве слушнав дека вие законот за образование на возрасни ќе го донесете. Но, сакав и ова дополнително да го кажете дека мора да обезбедите еднакви шанси и за веќе постојните кои што завршиле основно, а сакаат да завршат средно образование, или за средните кои што треба да се доквалификуваат граѓани на Република Македонија. На тие прашања треба да се одговори. Исто така, треба да ни доставите анализа за распоредот на овие неопфатени ученици по општини и каде евентуално тие би се опфатиле. И едно прашање кое што го поставив, но не го одговоривте, што ако некој од некоја општина ученик сака да продолжи средно образование не во најблиската општина каде што има средно училиште, туку во некоја друга која нуди струка за која што тој има афинитети. Дали и за него ќе биде бесплатен превозот, сместувањето во ученичкиот дом, учебниците итн.

**Љубиша Георгиевски:** Контра реплика има господинот заменик министер за образование Јован Лазарев.

**Јован Лазарев:** Благодарам претседателе.

Почитуван пратениче, вие ги извртувате моите зборови и давате друга конотација. Јас кажав дека многу општини во Република Македонија се блиску една до друга до 10 км, или околу 10 км. Никогаш не реков дека ќе се плаќа превоз на учениците до 10 км. Немојте такви зборови да ми уфрлувате, бидејќи не сум ги изговорил.

За тоа дека некое дете сака да учи во училиште кое што има соодветна струка на која што сака да се запише, кажав дека има 22 ученички домови во Република Македонија во кои што ова Министерство и други министерства донираат средства, односно даваат учество во трошоците на домот.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор пратеникот Фијат Цаноски.

**Фијат Цаноски:** Благодарам претседателе.

Не знам дали можам нешто ново да кажам после толку многу дискусии во овие три дена. Но, бидејќи доаѓам директно од образованието, ќе бидам многу краток и би сакал да дадам некои забелешки. Во дискусиите со неколку мои колеги пратеници и останати пријатели ме прашуваа, сигурно дека треба да гласам против овој закон токму заради тоа што сум и сопственик на една приватна институција среднообразовна. Но, јас веднаш кажувам дека го поддржувам овој закон. Овој закон и е потребен на нашата држава, овој закон е потребен на одредени рурални средини каде што децата навистина не знаеме каде одат после завршување на основното образование. За таа цел би сакал да кажам само неколку збора, како што реков, ќе бидам краток.

Прво, мојата партија, Партијата за европска иднина во својата програма, кажувам зошто го поддржувам овој закон, во својата програма стои дека ќе се бори за отворање на средни училишта во сите рурални средини, посебно во Југозападниот дел на Република Македонија. Затоа значи го поддржуваме овој закон и како партија, а не затоа што сме во коалиција со ВМРО-ДПМНЕ, или со другите коалициони партнери. Нашата главна цел и како партија и како пратеник и како човек ни е да се бориме за нашите деца и да гледаме што се случува после завршувањето на основното образование. Не знам дали знаете дека во одредени средини во руралните средини после завршување на основното образование во одредени етнички заедници и кај останатите посебно децата од женскиот род, верувајте се мажат, или ги свршуваат и на 15, 16 и 17 години. Машките поради тоа што не продолжуваат со средно образование со торбите заминуваат некаде надвор, или работат по градежните фирми и се малтретирани од работодавачите уште неполнолетни. Значи, доколку на тие деца им овозможиме и ги натераме да мораат да го продолжат своето образование сигурно не би завршиле така како што завршуваат, а верувајте дека од тие што не завршуваат ни средно образование, поголемиот дел постануваат криминалци. Затоа како пратеник, како човек го поддржувам овој закон, но сигурно дека во овој закон има и пропусти, дека треба нешто да се направи и за средното образование и за квалитетот на тоа образование. Но, ние викаме, подобро нешто на почетокот, отколку ништо, подобро да се стартува со било што, отколку да нема ништо. Се работи за околу 3.000 деца кои не продолжуваат со образованието, како што кажа господинот заменик министер. Значи, таа е голема бројка, но за државата не е ништо. Што се 3.000 деца да можат да продолжат на Буџетот на една држава. И неколку милиони евра и десетина милиони евра и 20 милиони евра за една држава

не се ништо. Сепак, се работи за млади луѓе. Како што кажав за средното образование, сепак треба да се води сметка за квалитетот на тоа образование и за сигурноста на тоа образование. Пред се би дал значење и малку би разговарал за сигурноста во средните училишта. Знаете што се случува во одредени региони, знаете дека има проблеми во одредени општини, во одредени рурални средини, можеби малку и на етничка и на друга база. Затоа мислам дека во Министерството за образование треба да направат еден посебен проект каде што сите тие училишта ќе бидат посебно заштитени и обезбедени. Ако треба нека се обезбедат и со посебни приватни агенции. Значи, пред се мора да биде сигурноста на тие деца на многу високо ниво. И тука треба да гледаме и да разговараме понатаму. Овој закон секако дека треба да се донесе, потребен и е на нашата држава. Но, понатаму Министерството треба да работи сигурно на квалитетот и на сигурноста пред се во сите тие училишта низ државата. Така што има многу да се дискутира и да се кажува зошто треба и зошто не треба, што треба да се направи, што не треба да се направи. Ние со денови дискутираме и кажавме многу. Мислам дека треба да се поддржи овој закон и тоа е за подобра иднина на нашата држава, за подобра иднина на нашите 3.000 или 4.000 деца колку ги има. Затоа како партија и како пратеник го поддржувам овој закон.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор Слободан Најдовски.

**Слободан Најдовски:** Почитуван господине претседателе на Собранието, почитувани колеги пратеници, почитуван заменик министер,

Дозволете ми на почетокот од свое име на сите граѓани на Република Македонија кои што ги празнуваат престојните Велигденски празници да им ги честитам празниците и на почетокот на Велигденските празници еден од најголемите денови во склопот на Велигденските празници партијата која што овде нон-стоп ни кажува како треба да се празнуваат верските празници, денеска на Велик четврток одлучи и не натера да работиме. Тоа е хипокризија, а тоа ќе го поврзам со хипокризијата за донесувањето на овој закон. Едно зборувате, друго правите. Но, на самиот почеток дозволете ми да укажам на тоа дека нема потреба од високо ниво на подигнување на глас и на кавги само заради тоа што опозицијата, или дел од опозицијата е против донесувањето на овој закон, владеачкото мнозинство го поддржува овој закон. Тоа нема да не доведе никаде. Бидејќи од овие кои што го поддржуваат законот до сега според аргументите што ги изнесуваат дел од пратениците баш покажуваат законот не треба да се донесе. Господинот Фијат Цаноски пред мене дискутираше сега и кажува зошто го поддржува законот, меѓу другото кажува дека, заради тоа што девојчињата многу рано се мажеле, дел од девојчињата во Република Македонија и затоа не оделе во средно училиште. Тој е тој аргумент дека тоа не се решава со закон. Треба на поинаков начин да го решаваме проблемот. Исто така, навистина во овие веќе 4 дена ми засмета извртувањето на тезите на оние кои што се за, или оние кои што се контра на донесувањето на овој закон. Пратениците од ДПА сакаат цело време на оние кои што се против законот за задолжително средно образование да им импутираат дека се против образованието на децата од албанската етничка заедница. Еве еден аргумент ќе им дадам уште на самиот почеток дека не е така. Многу од вашите коалициони партнери изградија политичка кариера токму на прашањето дека беа против образованието и формирањето на паралелки за децата од албанската етничка заедница. Но, да не навлегуваме во тоа, тоа е минато и тоа нема да не води и понатаму. Дел од овие луѓе од оваа страна кои што сега седат беа напаѓани тогаш за обратно, зошто им отвораат училишта на децата од албанската етничка заедница. Тоа можам и со аргументи да го докажам, но не е ниту местото овде, ниту времето. Само сакам да укажам на апсурдот дека тоа не не води никаде таквиот пристап на дискусија по овој закон. Овој закон наметна на почетокот една главна дилема. Дилемата која што, односно тезата која што ја застапуваат оние кои што се за донесување на овој закон е дека нема економски развој на Република Македонија без образование. Оние кои што се против донесувањето на овој закон ја имаат тезата дека нема квалитетно образование без соодветно ниво на економски развој на Република Македонија, односно се постави дилемата за јајцето и кокошката. И затоа не можеме да гледаме издвоено, бидејќи тоа е директно поврзано. Ниту ќе имаме силно образование со волкави финансиски средства колку што вложуваме во образованието, ниту пак ќе имаме забрзан економски развој, односно образование без доволен економски развој. Така што не можеме раздвоено овие два поврзани битни елементи да ги разгледуваме. Ние се наоѓаме во една ситуација да донесуваме крупни закони во овој Парламент кои што ќе имаат долгорочни, дали позитивни, или негативни последици, ќе видиме понатаму. Но, доведени сме во ситуација сите овие закони да ги донесуваме во итна постапка, во скратена постапка без притоа да размислиме и да имаме точни анализи што ќе произлезе од донесувањето на тие закони. Не сакам да верувам дека донесувањето на овие закони е само со цел на 5 јули годинава ВМРО-ДПМНЕ да излезе и да каже, еве што оствививме од програмата која што ви ја ветивме. И едно од тие ветувања ќе биде, еве, да, донесовме закон за задолжително средно образование, донесовме закон за веронаука во училиштата, ама на Велик четврток пратениците кои што ги слават Велигденските празници се на работа баш по барање на тие кои што ја воведуваат веронауката. За да не дојде до вакво избрзано донесување на законите, ние како пратеници почитувани колеги, не можевме барем од кога го добивме законот да се консултираме со голем

број на стручњаци и експерти од оваа област, заради временскиот теснец на доставувањето на законите и одржувањето на седницата. Но, Либерално-демократската партија уште кога веќе беше во најава донесувањето, дали со уставни измени, или со закон на задолжителното средно образование организира повеќе трибини во поголемите градски центри за да го чуеме мислењето на дел од експертите. Основниот заклучок е дека никој нема против образованието на граѓаните во Република Македонија, никој нема против Република Македонија да вложи повеќе финансиски средства во образованието на своите граѓани. Но, сите се против, избрзано, неаргументирано, недоволно анализирано и донесување на закон за кој што сега никој не може да каже како ќе се спроведува.

Многу поважно е, според нас од ЛДП, да образоваме квалитетни кадри, да имаме силно средно образование, отколку да ги натераме сите задолжително да учат средно образование и да произведеме неквалитетни кадри. Во изминатите години и децении наназад сведоци сме дека избрзани недоволно осмислени реформи во образованието оставиле длабоки негативните траги во општеството, осакатиле цели генерации или се произвеле кадри кои потоа останале на улица. Сето тоа е заради неусогласеност на потребите на економскиот развој и завршените образовни кадри во Република Македонија. Многумина од вас овде се образувале по тој така наречен Шуваров систем на образование, па ги знаете последиците и ги чувствувате. Така ми личи и овој предложен закон, сличен скоро ист на Шуваров систем во минатото. Тоа ќе го образложам со следново. Погледнете го Предлогот за донесување на законот и образложението дадено од Владата. Самата Влада во образложението кажува дека во овој момент нема услови за спроведување на овој закон. Ако нема услови за спроведување на овој закон, ако законот е неспроведлив, за кого го носиме, за што го носиме овој закон?

Самиот закон содржи три елементи, односно три члена. Во еден член се вели дека средното образование е задолжително и во два члена пропишува кадри за прекршителите, а третиот дел е образложението на Предлогот на законот. Ќе се осврнам на трите дела на законот. Зборуваа и некои мои колеги, не е важно само да предвидите казни за некого кој нема да исполни одредена обврска, важно е да создадете услови за да некој може да ја исполни законската обврска, односно обврската која произлегува од одреден закон. Предвидени се казни, 1000 евра за родителите, 800 евра за ученикот. Зборуваше господинот Николот, предвидена е 800 евра казна за полнолетниот ученик кој што нема да го спроведува законот, а ученикот во прва, втора и трета година не е полнолетен. Како ќе го казните вие? Погледнете, тоа го има во самиот закон.

Следно: знаете ли дами и господа за оние кои не одат во основно училиште, а е задолжително, колку казни се изречени. Министерството треба со една таква анализа да излезете. Сакам да кажам дека за да казнувате некого треба да овозможите да не го прекршува законот. Со овој закон тоа не го овозможувате на оној кого ќе го казнувате. Во самото образложение стои, во делот за финансиски средства, цитирам: “Дополнително ќе се утврдат со започнување на учебната 2008/09 година потребните финансиски средства”. Тоа мора да биде утврдено, дами и господа, со Буџетот кој ќе биде за 2008 година. Тоа не може да го утврдите со започнување на учебната 2008/09 година. Што значи тоа? Јас не сакам да бидам параноичен, но во ова што гледам? Владата ќе донесе закон, со Буџетот за 2008 година Владата нема да предвиди финансиски средства и со отпочнувањето на учебната 2008/09 година ќе почне да размислува како тоа финансиски да го реши. Тоа така не може. Тоа се решава од сега со јасна визија, со јасна анализа како тоа ќе се финансира.

Одам понатаму во образложението. Во самото образложение на законот се вели: една од причините за ниско ниво на образование е осипување во основното образование. Потенцирам, тоа го вели Владата осипување во основното образование. Нели сега со закон е задолжително основното образование? Ако е така, зошто тогаш имаме осипување во основното образование.

Значи, самата Влада признава дека проблемот не се решава со закон. Проблемот е многу покомплексен, не е проблемот што одредени деца не одат во средно образование заради тоа што не е задолжително, проблемот е многу повеќе социолошки, психолошки, социјален, како сакате кажете. Тоа е проблемот и на тој план треба да работиме, а не со закон сега да им кажеме од идната година сите ќе бидете во задолжително средно образование.

Во образложението како причини заради кои не се продолжило со средно образование се три. Овие причини се изнесени од Владата: прво, материјалната состојба на семејството, второ, недоволна информираност и трето, отсуство на правилно професионално ориентирање. Ако ги лоциравте овие причини, тогаш требаше да предложите и мерки како овие причини да се отстранат за да тие деца одат во средно образование. Вие денес овде ни кажувате приказни, и министерот и заменикот министер за образование и наука, а не знаат што напишале во образложението, не предлагаат ниту едно решение со кое ќе се отстранат причините заради недоволна опфатеност на завршените осмоодделенци во средно образование.

Одам со ред. Материјално-финансиската состојба на семејствата, која самата Влада кажува дека е причина за незапишување во средно образование, со законот не предвидувате бесплатни учебници, нема бесплатни надгледни средства за образованието, нема бесплатно сместување за оние кои живеат надвор од местото каде што ќе биде училиштето, нема бесплатен превоз, нема ни пресметки колку тоа

ќе изнесува. Дополнително Министерството ќе ги правело тие анализи. Како влегуваме во еден процес за кој не знаееме колку ќе не чини, не знаеме дали сме способни тоа да го издржиме?

Овде некој спомна дека не се проблем три илјади дечиња за државата. Точно, не се проблем, но кога ќе се запишат тие три илјади дечиња, и овие останати дечиња ученици ги стекнуваат истите права. Не треба да обезбедите само за тие три илјади дечиња бесплатен превоз, треба за сите средношколци да се обезбеди. Тоа значи дека се потребни други мерки, а не репресивно со казнување да ги натерате децата да се запишуваат во средно училиште.

Следната причина, тука изгледа Владата признава дека недоволната информираност и отсуство на правилно професионално ориентирање, не се запишуваат децата во средно образование. Тоа е точно, но тоа не се решава со закон за задолжително средно образование.

Следното прашање е колку овој закон ќе биде контрадикторен со законот за стручно оспособување и обука на кадри, со оглед на тоа што во изминатиот период, пет години наназад со помош на Германската влада во Република Македонија се работи и тоа доста успешно на донесувањето на законот за занаетчиство и донесувањето на законот за стручно оспособување и обука. Јас имав прилика и во Германија да посетам такви центри. Предлогот од тие експерти е дека за некои работни места треба да го намалиме од две на една година оспособувањето. Тоа што некој во светот го направил успешно, една Германија сега за нас тоа не е битно, но за да задоволиме про форма и нечие залагање, ние ќе воведуваме задолжително средно образование. Можеби некој ќе се смее, ќе рече тоа се исклучоци, но еве да речеме вака. Ако живеам на село, ако имам 1000 овци и моето дете сакам да го определам и понатаму, бидејќи тој бизнис ми е вносен, да се занимава со таа проблематика и дејност, вие ќе ме натерате 4 години да го пуштам во средно училиште да учи, како што имавме за фризерки и др., кога ги теравме да учат ОНО, Марксизам и др. Некој ќе рече па и за сточар треба оспособен да биде. Да, треба, но не треба 3-4 години образование. За сето друго тука е колегата Панче како ветеринар, ќе го ангажирам тој да ми дава стручни совети, тој се образувал, а не јас сега за тие дејности да одам да го пуштам детево да учи 3-4 години во средно училиште, да учи предмети кои ќе немаат врска со таа работа. Премногу изнасилено дами и господа, премногу е избрзана оваа работа и необмислена.

Сега ќе ги образложам сите причини со неколку реченици зошто нема да го поддржам овој закон и зошто и вие кои го поддржувате, во репликите кои ги имате со пратениците и во вашите дискусии кажувате аргументи зошто не треба да се поддржи.

Затоа што во овој момент нема 100% опфат на децата во основното образование, а камо ли да се создадат услови за средно образование. Затоа што голем број на деца учат во така наречени комбинирани паралелки, особено во одделенска настава. Во такви услови, извинете на изразот, но лицемерно е воведувањето на задолжително средно образование, во паралелка во која од прво до четврто одделение учат заедно учениците, сега вие веднаш ќе им кажете од утре кога ќе завршат осмо одделение или сега го деветтолетката деветто одделение, ќе се запишат во средно образование.

Затоа што просторните технички услови во добар дел од основните училишта се толку лоши што вакви вложувања во средно образование навистина ќе бидат бесцелни, ќе нема резултат.

Една од главните причини е, затоа што со меѓународните конвенции на младите им е дозволено излегување на пазарот на трудот и вработување со 16 години. Со задолжително средно образование кое би траело најмалку до 17-та година на учениците ова основно право им го нарушуваме.

Овде има колеги пратеници од претходниот состав. Мината година донесовме Закон за работни односи, во кој рековме со 16 години граѓаните можат да се вработат. Чекајте сега, зошто тоа право им го оневозможувате на тие граѓани? Затоа што во овој момент мрежата на средни училишта во Македонија не одговара на потребите на пазарот на трудот и се додека не се адаптира постојната мрежа на средните училишта, задолжителното средно образование е апсурд.

Затоа што во иднина во средното образование ќе се генерираат уште повеќе невработливи млади луѓе, ако се оствари вака како што имате предложено.

Затоа што трошоците за превоз на учениците до училиштата и сместувањето и исхраната на учениците кои ќе учат во средните училишта надвор од местото на живеење ќе треба да ги покрие државата, а истовремено во Буџетот не се предвидуваат такви средства. Тоа е апсурд, тоа го кажав, тоа се предвидува дури откако ќе започнала учебната 2008/09 година.

Затоа што ваквиот пристап не го примениле многу поразвиени земји, а сведоци сме, пред неколку дена прочитавме дека и Хрватска која што го има донесено овој закон, го одложи неговото применување.

Затоа што не можете со сила некого да терате, ученици што не сакаат да завршат средно образование, со закон да ги натерате, туку треба на друг начин да создадеме услови за да се запишуваат тие деца во средните училишта, да ги стимулираме.

Следното прашање зошто сум против, затоа што воведувањето на задолжително средно образование ќе повлече нови вработувања во јавниот сервис, што е надвор од логиката за побрз економски развој, а ова директно ќе се

одрази на примањата на постојниот наставен кадар во средното образование, а според мене тоа директно ќе се одрази на квалитетот на образованието, што и сега е на едно незавидно ниво.

Затоа што задолжителното средно образование финансиски ќе ги оптовари уште повеќе маргинализираните социјални категории и колку овде да кажувате дека задолжителното средно образование ќе биде бесплатно тоа е лага, затоа што и сега основното образование кое е задолжително не е бесплатно.

Не можам да ја сфатам дискусијата на заменик министерот и на министерот дека тоа ќе се предвидело со посебни социјални програми. Тоа не се решава со социјална програма која може да ја менува една или друга влада, тоа се решава системски, а самите кажувате дека нема системски тоа да го решавате, туку со одредени социјални програми.

И на крајот од сите овие причини, во најмала рака што може Владата да ги направи, иако нема да го повлече овој закон, убеден сум, тогаш нека го повлече Предлогот на закон, нека биде Предлог за донесување на закон, да отвориме дебата во Република Македонија во која ќе се вклучат сите експерти, во која ќе се вклучи професорскиот кадар од средно образование, педагози, психолози, социолози и врз основа на тоа да видиме кога и како Македонија ќе може да ја спроведе оваа замисла на Владата.

Јас би сакал да погрешам, но убеден сум во тоа дека нема сега да погрешам, дека последиците од ова ќе бидат катастрофални. Ќе се симне прагот на оценување во училиштата, ќе се симне прагот на квалитет во средното образование и тогаш наместо да им помогнеме на оние деца кои сега од сосема други, социјални, социолошки и други аспекти не се во средното образование, ќе ги осакатиме и оние деца кои се сега во средно образование.

Од тие причини нема да гласам за овој закон. Ви благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам и јас.

За реплика се јави госпоѓа Силвана Бонева, а министерот за образование побара збор или реплика? Значи министерот за образование побара збор.

Има збор министерот за образование, повелете.

**Сулејман Рушити:** Благодарам претседателе.

Сметам дека пак ќе повторам нешто што веќе неколку дена го повторуваме, како што се повторуваат и дискусиите. Не треба да се преиначат ни одлуките, ни тоа што е вистината. Ако се зборува дека со овој закон ние всушност ќе ги тераме децата само на 4 годишно образование, тогаш тоа е пласирање на невистина. Уште еднаш повторувам и едногодишно стручно образование, и двогодишно стручно образование, и трогодишно стручно образование, и четиригодишно стручно и општо образование останува, тоа не се менува. Значи и со едногодишно стручно образование на некои деца им даваме некој занает кој му помага во животот понатаму.

Ве молам, да не шириме вакви дезинформации дека задолжителното средно образование ќе биде само 4 години. Ние не викаме колку години е задолжителното средно образование, а под средно образование подразбираме едногодишно, двогодишно, тригодишно и четиригодишно средно образование.

Затоа, почитуван пратенику ве молам да се шират дезинформации и да се влева непотребен страв кај граѓаните не ни доликува ни на нас, ни на вас.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам господине министре.

За реплика се јави господинот Слободан Најдовски, повелете вашите три минути.

**Слободан Најдовски:** Благодарам претседателе.

Иако министерот рече дека ќе зборува фактички се осврна на мојата дискусија.

Господине министре вие не бевте од почеток присутни на мојата дискусија, но ќе ви кажам.

По законот за стручно оспособување и обука сега што е нема предвидено едно годишно стручно образование и дека ќе биде средно образование. Досега немате предложено измена на тој закон, што значи дека едногодишно нема.

Второ, сте го погледале ли Законот за занаетчиство? Пет години, ќе повторам, со помош на германски експерти работи оваа држава на тој така наречен дуален систем или дуално образование, извинете ако нешто погрешам. Вие сега дојдовте, па од вас наново ли почнува?

Не е тоа решение. Ние треба да оспособуваме кадри. Се покажа системот, така наречениот чуварот дека не е добар. Вие тогаш кажете дека ќе има посебни занаетчиски училишта, не велете дека тоа е средно образование. Самите вие кажувате значи нема средно образование. Дека сето ова ви е само имагинарно нешто и колку за реклама во јавноста. Ова што вие го зборувате тогаш не е средно образование, во смисла како што е сега средното образование во Република Македонија. Тогаш кажете ние нема да воведеме средно задолжително образование, но се што е досега ќе го крстиме како средно образование.

Мислам дека сега оваа реченица што ја кажавте дефинитивно кажавте дека не ви е целта воведување на квалитетно средно образование, туку дека ви е целта да кажете пред јавноста дека сте вовеле стручно образование, а во пракса тоа нема да го воведете. Ако е така, ве молам ставете го тоа во законот и тогаш ќе ве подржам и ќе гласам за законот. Јас можеби ќе бидам вулгарен, но 4 дена овде дискутираме, а вие не лажете дека ќе воведувате задолжително средно образование, со ова што сега вие го кажавте. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господинот министер за образование има контра реплика, повелете.

**Сулејман Рушити:** За тоа дали ние ќе воведуваме квалитетно средно образование граѓаните ќе се уверат кога ќе се воведе образованието. За тоа дали сум јас прочитал и ваквиот начин како вие се обраќате, а сакате ние секогаш културно на вас да ви се обраќаме, ова е начин на кој се дискутира. Ако вие сметате дека лажам и ние лажеме мислам дека треба подобро да ги анализирате состојбите. Ако сметате дека јас не сум го прочитал законот тогаш јас нема да ви кажам дека вие лажете, туку дека вие се лажете господине пратеник.

За парадоксалните изјави дека не сте против, ама ќе гласате против, за тоа после една година има кој друг да не осудува. Ако ние не го воведеме квалитетно нас ќе не осудуваат, а за ова што вие парадоксално зборувате дека не сте против, ама сте против вас ќе ве осудува некој друг.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор господинот Никола Ќуркчиев, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам почитуван претседателе, почитуван министер, почитувани колеги пратеници.

Секој закон, било кој акт со кој што се дава шанса повеќе на образованието во Република Македонија треба да се подржи. Нема човек во оваа наша држава кој не сака да имаме модерно образование, вистинско и европско. Но, со еден ваков предлог, како што е Предлгот на Владата и Министерството се гледа дека работите трегнале наопаку. Најпрво се одеше со предлог за промена на Уставот, одеднаш се донесе една чудна одлука, мотивирана според мене исклучиво од политички причини, без визија и неможност нормално да се обезбедат осумдесте гласа со што законот се става наедаш на Уставот.

Во член 44 од Уставот на Република Македонија, алинеа 1, се вели дека секој има право на образование. Образованието е достапно на сите подеднакви услови и основното образование е задолжително и бесплатно. Два три дена почитуван министер ние дебатираме овде во оваа сала за предлогот кој што ни го доставивте, меѓутоа имам чувство дека се повторуваме во нашите дискусии, дека сите аргументи со кои што настапуваме од оваа говорница едноставно кажано како да не допираат до вас. Дали навистина не можете да сфатите за каков предлог воопшто се работи, или пак нашите аргументи не се доволно силни, не се доволно важни за еден ваков клучен проект со кој што сакате да го модернизирате образованието во Република Македонија.

Јас ценам и мислам дека Министерството за образование пред се ја има најголемата одговорност и тој мора и треба да биде пред се добар домаќин во делот на образованието во Република Македонија. Министерството претпоставувам знаело пред да ни го понуди овој Предлог закон во каква состојба се наоѓа образованието во Република Македонија веројатно, затоа во вашето излагање кажавте дека имате намера да изградите 100 нови училишта во Република Македонија.

Можеби на вас и не ви е многу тешко да направите 100 училишта во Република Македонија, меѓутоа изгледа најтешко е од се да се донесе овој закон за задолжително средно образование, а иако е навистина по малку и смешно да поверувам дека 100 училишта ќе се направат, или ќе направите, меѓутоа дали може да се знае колку средношколски домови ќе бидат потребни во Република Македонија и кој истите ќе ги изгради. Дали воопшто се знае колку домови во овој момент егзистираат во Република Македонија, или мислите дека со оние 11% повеќе средства во Буџетот на Министерството или 24% од наменските дотации кои што се зголемени во однос на 2006 година сето тоа може да се направи. Мислам дека работите на овој начин како што се тераат во образованието се тргнати наопаку и ако се продолжи вака ќе мора да признаеме дека ќе мора да се судриме и со други проблеми, не само овие за кои што денеска ние дискутираме.

Мислам дека на сите нас, оснобено денеска ни е јасно во овој законодавен дом дека ако сакаме да зборуваме сериозно за било кој закон пред се и над се мора да почитуваме и да разговараме за каков предлог се работи, од каде доаѓа тој предлог и какви финансиски импликации би имало тоа во делот во Министерството, во Владата на Република Македонија.

Зошто најпрво не се направи една сериозна анализа да видиме што се случува во основното образование во Република Македонија. Како е можно еден ваков закон да нема темелна анализа за издржливоста и финансиските импликации. Врз основа на финансискиот план ние ќе зборуваме за каков закон, за каков предлог, за каква модернизација на образованието во Република Македонија всушност се работи.

Влегувањето во еден таков проект, потфат без да се знаат импликациите кои што може да ги донесе истиот е ризично и да не речам несериозно. Мислам дека со ваков неадекватен, нејасен и можеби неискрен, според мене, пристап не може да очекуваме подобрување на сложената улога на воспитнообразовниот процес и пред се на образованите институции во Република Македонија.

Со право дел од колегите го поставија прашањето што се подразбира што значи бесплатно средно образование. Дали тоа значи само бесплатен наставен кадар, дали тоа значи бесплатни книги, учебници, храна, превоз или сместување на учениците. Создавањето на облигации, стрикни обврски за граѓаните кога објективно не можат финансиски да обезбедат егзистенција за своите деца, а камо ли пак да ги пратат на дополнително образование во други

општински центри, надвор од својата општина е надвор од рамките на една социјална држава, надвор од социјалдемократската идеолошка матрица и како таква јас апсолутно не можам да ја подржам.

Ако ја додадеме плус на сето ова и глобата за која мора да признам дека личи на нешто друго, за кое што не вреди да се разговара од оваа говорница ќе ги доведеме уште еднаш граѓаните во една многу незавидна положба и во право се сите оние кои што велат лесно ќе биде на некој богат да најде начин да си го регулира своето прашање, меѓутоа каква ќе биде казната, каква ќе биде глобата  за нивните деца ако не сакаат да учат, за оние социјални случаи кои ги имаме во Република Македонија.

Последиците од грешките ќе ги плаќаат идните генерации, ќе ги плаќа Македонија, но нормално со право се поставува прашање каде е одговорноста.

Со воведувањето на средното образование ќе го отежнеме процесот за кој што со полна уста сите на цел глас зборуваме, а тоа е процесот на децентрализација на власта во Република Македонија. Владата веќе најави дека сака да ја одложи втората фаза на децентрализацијата особено претпоставувам тоа е во делот на финансирањето на општините, меѓутоа и овој закон дополнително ќе го искомплицира тоа прашање.

Во ситуација кога нема анализа за финансиски импликации и за тоа какви последици може да предизвика во локалната самоуправа еден ваков проект, еден ваков закон мислам дека ќе направиме крупна грешка ако истиот го донесеме. Сега општините немаат капацитети, ниту можности за создавање стратегии за усогласување на пазарот на трудот во однос на постојните струки и профили на кадри што произлегуваат од средните училишта на нивната територија. Беше поставено прашањето во колку општински центри во Републиката ние имаме средни училишта. Колку ученици ги посетуваат тие училишта, иако се разбира можете да погледате дека во април 2006 година од тогашната Влада, а потоа и од Собранието беше усвоена Национална програма за развој на образованието за перод од 2005 до 2015 година. Преку неа претходната Влада го направи првиот чекор и го почна 9 годишното задолжително образование со прва запишана генерација во нултата година во септември 2006 година и тогаш анализите покажаа дека подобар модел е 10 годишното задолжително образование, но заради потребата од значително поголеми средтства за негова имплементација тој се предвиде за втора фаза. Во постојниот моментн амбиент и услови во Република Македонија иницијативата за воведување на задолжително средно образование почитуван министер ценам дека е неприменливо.

На крајот на краиштата и да се донесе овој закон јас тврдам дека Уствниот суд ќе го поништи. Македонија не може да си дозволува луксузи да почнува повторно од почеток со секоја промена на власт. Мора да постои континуитет, да се почитуваат позитивните резултати и да се ангажира секој потенцијал во државата без политизација особено на образовните процеси. Можеме да зборуваме за модернизација во образованието, но модернизација не е само воведување на англиски јазик и компјутер кој што во овој момент во најголем број на училишта не можат да се уклучат. Сите ја знаеме сегашната ситуација во Република Македонија, можете да се потсмевате господин минстер меѓутоа обидете се да ги посетите основните училишта во Република Македонија ќе видите дека не е смешна ситуацијата, туку е жална. Обидувајте се така и треба, ве охрабрувам правете го тоа. Тоа е добро. Која ни е логистиката која што ја имаме во овој момент со искршените клупи и столчиња, со салите кои што не знаеме како да ги оправиме, да ги дотераме, или кои што воопшто ги немаме, за игралиштата, за картите кои што ги имаме искинати се уште пред учениците. За глобусите, кои што кој знае од кога се итн.

Една почитувана колешка пред некој ден спомна три елементи дека се најважни за едно општество, а тоа се семејството, образованието и улицата. Јас апсолутно се согласувам со нејзе...

**Љубиша Георгиевски:** Гледам дека започнувате една нова теза господине Ќуркчиев, дали не е подобро да дадеме пауза па да продолжите, или уште за две минути ќе довршите.

**Никола Ќуркчиев:** Тешко.

**Љубиша Георгиевски:** Тогаш дозволете ми да дадам пауза, па по пауза ќе си го продолжите говорот.

**Никола Ќурчиев:** Дозволувам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Пауза до 15,00 часот за ручек, а потоа господинот Ќуркчиев ќе го продолжи својот говор.

(Пауза од 14,00 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,05 часот)

**Бесим Догани:** Ги молам пратениците да влезат во салата,продолжуваме со работа.

Има збор господин Никола Ќуркчиев.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам почитуван потпретседателе,

Се надевам дека и останатите колеги ќе ми се приклучат во оваа денешна дебата. Зборувавме за Законот за задолжително средно образовамние и спомнав дека во својот настап една почитувана колешка, спомна три елементи што се многу важни во едно општество, семејството, образованието и улицата. Јас апсолутно се согласувам со тоа и нормално, ако е тоа така го поставувам прашањето каде е тука семејството, учителите, наставниците и невладините организации при овој предлог. Дали може да се знае какво е мислењето на родителите за ваквиот Предлог закон, какво е

мислењето на наставниците, на оние, кои што директно се вклучени во воспитно образовниот процес во Република Македонија и нормално, какво е мислењето на невладините организации, или допрва ќе водиме дебати низ Републиката за тоа дали ни треба ваков закон и каков всушност, закон ни треба за образование. Или пак, доволно е само Министерството да каже дека треба да има задолжително средно образование и едно ура и да го донесеме законот. Нормално дека во право се сите оние кои што велат дека со ваквиот закон тешко дека ќе се подобрат воспитно образовните процеси во Република Македонија.

Мислам дека министерот и спомна дека доаѓа од образованието, на сите ни е јасно каква е состојбата во нашите училишта, во нашите класови, со нашите деца. 36 ученика во една училница, не е модернизација на образованието. Европскиот просек е 17 до 19 ученика. Зошто не се потрудиме да направиме нешто и туака и да кажеме дека сме направиле крупен чекор. Сите оние кои што и малку се бавеле со овој воспитно образовен процес знаат што значи да воспитуваш, да образуваш 19 или 17 ученици, а што 36 ученици кои што нормално, се наоѓаат во оние услови кои што ги затекнале.

Имено, во 1010 објекти на основното образование, имаме 2.707 ученици, додека само во 91 средно училиште 96.121 ученик. Ако годишно се запишуваат по 30.000 нови ученици, тогаш е евидентно дека треба да се отворат уште најмалку 30-тина објекти за задоволување на инфраструктурните капацитети.

Почитувани колеги, дополнителни ќе бидат потребни барем 100% повеќе и поголеми средства за средното образование, за да се обезбедат минималните услови за имплементација на оваа иницијатива, односно овој закон.

Веќе зборував за европскиот просек од 17 до 19 ученици во една училиница. Јас се согласувам дека на сите нас ни е потребна вистинска реформа на образовниот систем, меѓутоа, за таа работа ни е потребна и вистинска анализа, а не само 6 члена, односно 7 колку што брои овој Предлог закон. Потребна е сериозна анализа на образовниот процес, но уште повеќе јас би рекол на воспитниот процес и во основното и во средното образование, за да во иднина не ни се случуваат видео клипови кои најпрво ќе излезат во јавноста, а дури потоа за таа работа ќе дознаат наставниците.

Навистина, сите ние треба да почнеме да помогнеме, вие најмногу се разбира, вработените во Министерството, за подобрување на условите за учење на нашите деца, за нашата иднина. Вистинскиот термин, почитувани колеги, и почитуван министер во овој момент е терминот, или зборот приоритет. Што е тоа приоритет број 1 во образованието во Република Македонија.

Почитуван министер вие сте најодговорниот и вие треба да кажете што е тоа приоритет број 1 во Република Македонија. Дали е тоа санација на основното образование, или пак е тоа воведување на средното образование, како задолжително. Се надевам дека Министерството ќе има сили и можност да и објасни на Владата што во овој момент е приоритет број 1 во Република Македонија. И се разбира, пред се, на македонската јавност зошто во учебната 2006 - 2007 година има доделено само една стипендија во средното образование. Или, да го земеме примерот кој што пред некој ден го спомна еден наш колега. Од 1.700 ромски деца кои се запишуваат во прва година од основното образование, завршуваат само 800. Дајте да направиме се, сите да помогнеме во тоа, барем 90% од запишаните да завршат основно образование, а нормално, потоа ќе зборуваме и за средното образование.

Сосема на крајот, почитуван министер, јас верувајте ми не сакам да гласам против носење на еден ваков закон. Затоа, апелирам до вас, како ресорен министер и овлатен предлагач да го повлечете овој закон, во интерес на образовнито систем во Република Македонија и во интерес на граѓаните, да доставите една сериозна анализа и тогаш, верувајте ми, едногласно ќе биде донесен овој закон. Вака, преземате преголема обврска и одговорноста нормално, е најголема, токму кај вас.

И конечно, се надевам дека сите ние, а вие најмногу ќе сфатите дека има голема разлика помеѓу знаењето, искуството и мудроста. Овој пат, мораме да бидеме мудри. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Ќуркчиев.

Бидејќи пратеникот Никола Поповски не е присутен, му давам збор на господинот Ацо Киров.

**Ацо Киров:** Благодарам потпретседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван министре,

Еве после два дена дебата околу овој Предлог закон за задолжително средно образование и јас би сакал нешто да кажам, иако многу беше кажано во овие два дена, но сепак, ќе се задржам на неколку работи, кои мислам дека треба да се простудираат, преработат, за да дојдат во фаза на реализација.

Јас сум сигурен дека овде во оваа сала меѓу нас нема пратеник, или нема политичка партија која е против донесувањето на таков закон, но има еден проблем што треба да се размисли, односно дали е времето созреано токму сега да се донесе, кога треба еден куп работи да се решаваат во образованието, од причини што треба да видиме како се спремни родителите за тоа, самите ученици, дали локалната самоуправа е спремна во она втора фаза на децентрализација да ги апсорбира овие ученици, дали имаат доволно капацитети, каде што ќе се школуваат овие дева, иако знам дека во овие табеларни прегледи се прикажани бројки. Има по 7,5 квадрати по секој ученик, но, тоа се однесува на ниво на Република Македонија, а јас би сакал

конкретно да се концетрираме на пример, за една општина, или за одредени училишта кои што ги има во неколку градови во Република Македонија. А уениците на пример од други општини, салаат да се школуваат во овие училишта. Пред се, се работи и за наставниот кадар, на кој треба поголемо внимание да се обрне, од причини што, според мене, еве јас мислам дека од овие 2.200 учеици, кои што не се запишуваат во средно образование, после завршувањето на осмо одделение, мое мислење е дека 50% од овие ученици кои не преминуваат во средното образоваие, се ученици кои што така можам да кажам дека се ученици кои што не сакаат да учат, или се слби ученици, кои мислат дека со преминувањето во средно училиште ништо не би направиле и секако, останатиот дел од овие ученици 50% се од материјални причини, односно од неможност родителите да ги школуваат своите деца. Затоа, треба да се обрне поголемо внимание, зправо за тоа што кажав на почетокот дека овие ученици сега со ова задолжително образование, што мислам дека ќе се донесе, треба Министерството за образование и наука да обрне внимание најмногу на капацитетите, или да обрне внимание каде ќе има интерес, овие 3.000 ученици каде ќе сакаат да се запишат.

Јас пред малку реков дека тие се 50% од учениците кои што се слаби ученици, или кои мислат дека со запишувањето во средното училиште нема да завршат. И од тие причини не одат на училиште. Другите не одат од материјални прични. Според мене, јас така размислувам, тоа е мое мислење дека овие ученици од 50%, тие ќе се концентрираат во оние средни стручни училишта, према тоа што е дадено од Министерството, во двогодишно училиште, потоа да ја имаат дипломата да конкурираат на одредено работно место.

Значи, тоа е факт и така ќе биде и затоа Министерството за образование и наука треба да обрне внимание на оние стручни училишта, што се од типот на водоинсталатори, на ВКВ електричари, ВКВ машински работници, за предвреме да бидат спремини со наставниот кадар и со просторот каде што треба да бидат сместени овие ученици. Ние реков на почетокот имавме табеларен преглед дека имаме по 7,5 квадрати по ученик. Тоа е на ниво на Македонија, но некаде, мислам во одредени градови, во одредени училишта мислам дека овие 7,5% не ќе можат да се обезбедат, токму од тие причини, бидејќи ќе се запишуваат учениците во овие средни стручни училишта од една или две години.

Јас знам дека Владата, од тоа што го имаме прочитано и тоа што го кажаа колегите пратеници од позицијата дека очекуваат со ова задолжително средно образование ќе имаме еден кадар на ученици кои ќе бидат обучени, остручени со одредена струка и ќе бидат спремини за работа, или за полесно прифаќање од работодавците. Тоа е во ред. Во оваа фаза, јас од прилика тоа го зборував за да објаснам зошто не сум во овој момент да се примени овој закон, затоа што според мене треба учениците со една или две години средно училиште, а јас повеќе ќе зборувам за оваа категорија на ученици коои што имаат намера да се запишуваат во овие училишта, затоа што тие ќе бидат и во најголем број во овие средни задолжителни училишта, затоа што еден ученик, одличен ученик, биез разлика дали родителот има или нема, родителот ќе се потруди овој ученик да го запише во средно училиште, дали е гимназија, или е некое друго училиште, родителот ќе направи се, детето да му биде школувано.

Кога зборувам за двегодишните средни училишта, треба според мене овој закон добро да се разгледа и да се процени кога треба да биде моментот, за да може да функционира. Има одредени земји на Запад, јас не ги знам законите во многу земји, но, имам искуство од швајцарскиот систем на школување. Таму децата после шесто одделение се селектираат, како по успех, така и се тестираат и еден дел од учениците заминуваат во т.н. гимназиско учење, а другите ученици кои што имаат слаб успех, се остручуваат по одредени стурки и завршуваат одредено училиште со одредени знаења и така работодавците имаат кадри кои можат веднаш да ги земат во своите компании како работна рака и да бидат попродуктивни во самото производство во нивните фирми.

Друго нешто што би сакал да кажам околу овој Предлог закон за задолжително средно образование, исто така, одговорноста овие денови, од господинот Ѓорчев беше кажано дека треба да ги школуваме децата, од причини што имаме деца кои сега по улиците питаат, имаме деца кои што бришат шофершајбни итн, да им овозможиме на овие деца да завршат средно образование. Да, тоа е точно, го прифаќам, и сите сме за тоа, но тука има еден проблем. Овие деца кои ги имаме сега на улица, тие не се запишани во осмолетките. Тие дали се имаат запишано и во прво одделение. Значи, треба Министерството за образование и наука и Владата да направат стратегија, мислам дека тие деца се некаде околу 17%, кои што воопшто не се запишани во прво одделение, или во втората фаза од четврто за петто одделение, ученици кои што не одат во втората фаза во основно образование, тука имаме проблем со незапишување на децата во осмолетките. Тука треба да се обрне поголемо внимание и на тој начин, кога ние ќе успееме тие деца да ги запишеме, кога ќе успееме да им овозможиме услови за школување. И сега бесплатно основното образование кај нас, но знаеме дека никој нема добиено книги за школување, или други средства кои им требаат на учениците во текот на наставата. Затоа што ние сме сведоци, сите имаме деца и знаеме дека еден од најголемите проблеми со почнувањето на школската година кога треба да одвојат поголема сума пари родителите, поголеми средства за

купување на учебниците, тетратиките, па и да се облечат децата со пристојна облека. Како секое дете што сака и секој родител сака своето дете да го облече.

Значи, тука ако успееме, тоа не е планирано, јас така размислувам гласно и пред вас да се размислува во Министерството за образование да можат овие деца по секоја цена да се запишат во прво, во петто одделение и да добиеме ученици кои ќе бидат спремни за ова средно училиште задолжително и сигурно ќе бидат редуцирани и поспремни утре за работа. Затоа што, ако до осмо одделение кое сега е задолжително, ние знаме дека голем број на ученици завршуваат осмо одделение, да не кажам и без учење, но одат на настава, се враќаат дома, книга не фаќаат во рака и сега ние треба да ги присилиме задолжително да се запишат во средно училиште. Јас мислам дека од овие деца нема да излезе стручњак затоа што него воопшто тоа не го интересира. Значи, до осмо одделение не го интересирало, а сега за една година средно задолжително, или за две години средно задолжително, сигурно нема да се квалификува, или остручи толку во училиштето во кое е упатено за одредена област. Значи, мојата поента пред да завршам е да се обрне внимание на средните стручни училишта, двегодишни каде што мислам дека најмногу ќе има од овие 3000 ученици кои не одат во средно училиште, бидејки таму ќе биде нивното запишување. Да се пдоготват овие училишта со наставен кадар, со простор за школување, бидејки мислам дека ќе се наиде на проблем во одредени средни училишта каде што ќе има поголем прием на такви ученици. Наставен кадар имаме во Бирото за вработување, професори кои што чекаат за работа и тоа мислам дека ќе биде најмалиот проблем, но проблемот ќе биде околу квадратурата по ученик.

На крајот би сакал да кажам нешто околу трошоците кои се планираат за ова задолжително средно образование за 2007-2008 година. Гледам дека овде има планирано Министерството по овие табеларните прегледи 2.621.000 за столчиња и катедри, има бруто плати 6.600.000, хранарина 920 илјади, превоз 360 илјади, и т.н., или севкупно тоа кога ќе се сумира ќе имаме некоја сума од 15.672.480 денари, сума која што како што кажа претходно еден говорник, мислам дека беше колегата Слободан Најдовски кој рече дека овие средства не се планирани во Буџетот, но не е проблем и тоа најверојатно со ребалансот ќе се обезбедат овие средства. Но, едно тука не ми е јасно, дали на пример во овие табеларните прегледи на крајот за ученичките домови каде што задолжителното средно образование е бесплатно, обезбеден е превоз на учениците од дома до школото. Сега колку километри ќе биде тоа, денеска колегата Марјанчо Николов дебатираше со заменик министерот и ако пак нема превоз, тогаш учениците се сместуваат во ученички домови. Според тоа што ни е дадено во материјалот гледам дека има ученички домови во повеќето градови во Република Македонија, но треба да размисли Министерството за образование, бидејќи овој закон ќе го донесеме, да размисли за оние градови каде што нема ученички домови, каде ќе бидат сместени овие ученици, како ќе одат до школото. И само за илустрација, јас би кажал дека во Струмичкиот регион бидејќи доаѓам од таму има ученици кои патуваат секој ден по 33, 34 километри за да одат во Струмица на школо. Затоа што во Струмичкиот регион сите средни училишта се во градот Струмица. Можеби понатаму со оваа Програма Министерството планира во некоја од тие општини да се изгради некое училиште, или во некои постоечки објекти да се пренаменат за некое средно училиште. Но, сакам да кажам дека за тоа можеби ќе треба еден подолг временски период од година, две, три, и за тоа треба да се размислува, бидејќи ние имаме ученици кои патуваат многу. Можеби 80% од децата во Струмичкиот регион патуваат над 10 километри. Значи, не е битно колку, туку патуваат над 10 километри. Многу малку се кои патуваат 5 до 6 км. во овој регион. Од секојдневниот живот знам и овде прочитав дека Струмица нема ученички дом и затоа треба да се обрне внимание за тоа за да не дојде утре до проблем некој пак да остане со осмо одделение поради тоа што нема каде да се смести. Кажувате дека оние социјално загрозените случаи, односно семејства кои немаат егзистенција ќе бидат обештетени околу школувањето. Но, исто така треба да се обрне големо внимание, не е само дали треба ученикот да плати 20, 30, 50 денари за превоз до училиштето, еве нека се купат и книгите на овие социјални случаи. Но, знаеме дека секое дете кога оди во една средина и тоа сака да биде како другите деца и не може тој да се дели од останатите деца на пример во гимнација во Струмица, или во некое средно стручно училиште и тој сака да си купи еден сендвич, па макар нека биде од 20 денари, а не од 40 денари. Значи, тука има многу работи кои треба да се завршат и добро да се обмислат додека се применат во стварноста. Јас нема да го подржам овој закон само од причина што овие деца не се остручени за било кое средно училиште. Спомнав еден систем од запад, кој е многу добар, знам дека е сега во моментот во Република Македонија неизводливо е тоа. Затоа велам да не се брза со овој Предлог закон. Толку би сакал да кажам и се надевам дека и колегите од парламентарното мнозинство добро ќе размислат, или Владата ќе го повлече овој Предлог закон и ќе го доработи и во некое идно време ќе го достави овде до нас пратениците.

**Бесим Догани:** Има збор Оливер Спасовски.

**Оливер Спасовски:** Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван заменик министер, еве веќе неколку дена разговараме околу оваа тема која што беше впрочем наметната за дебата во Собранието на Република Македонија онака како што тоа беше

правено и со други суштински закони, без многу расправи во јавноста, во научната, во стручната јавност, без многу расправи во сите релевантни структури во Република Македонија набрзина по скратена постапка, или итна постапка многу законски проекти се донесуваат така. И сега во однос на законот за средното образование веријатно посакувано за Владата и за парламентарното мнозинство беше и овде да не се расправа и ако може што побрзо да се изгласа овој закон и овие законски одредби да стапат на сила. Без да се води сметка за тоа дали имаме направено една добра стручна опсежна анализа која што ќе ги покаже сите параметри кои што ќе овозможат овој закон да заживее во практиката, да биде применлив, да ги согледаме сите позитивни страни од воведувањето на задолжителното средно образование и на тој начин спремни да пристапиме кон ова решение. Мислам дека и од она што беше искажано како аргументација овде во Собранието од страна на претставникот на Владата и од она што стои како образложение во самиот закон повеќе од јасно е дека немаме направено анализа, ги нема сите потребни параметри, дури не знаеме ни дали ќе профункционира во предвидениот рок. Ама, за тоа е лесно. Тогаш, веројатно Владата ќе понуди нов закон сличен на оние закони кои што ги нудеше и до сега во сферата на образованието со кои што ќе биде одложена примената на овој закон и ќе остане само прес конференцијата и сликањето во Владата кога се објави дека Владата воведе средно образование, или Владата воведе веронаука во училиштата, но гледаме дека баш не е така, еве сега Собранието расправа за овој закон неколку дена, ќе се расправа веројатно и за другите закони заради тоа што се законски проекти кои будат интерес и кај граѓаните на Република Македонија. Овде во Парламентот мораме да ги соочиме аргументите за сето ова и на крајот да донесеме квалитетни законски решенија. Јас ова го говорам заради тоа што ако имавме закон за одложување на државната матура, проект кој што беше работен неколку години, спремен проект, се донесе Закон со кој се одложи неговоата примена со образложение дека не сме подготвени, а знаеме дека таквите подготовки беа завршени во меѓувреме. Меѓутоа, со едно такво образложение се донесе Закон за одлагањето на примената, па Законот за Бирото за развој на образованието, па Законот за ученичкиот стандард и т.н. Сето тоа беа закони од сферата на образованието со кои што само ги одлагавме роковите за нивна примена. Денеска е добро што разговараме и овие денови што разговараме за донесувањето на законот за средно образование. Ако ништо барем ги соочивме аргументите, искажавме сите политичка волја дека сме за задолжително средно образование. Меѓутоа, да ги погледнеме негативностите, да ги погледнеме можностите на Република Македонија, да видиме дали се подготвени и од финансиски аспект, дали сме подготвени на планот на обезбедувањето на простор за одвивање на наставата, дали сме спремни тоа да го подндудиме на сите ученици во Република Македонија, и уште многу други прашања кои што ќе се отворат, или кои што ги отворивме овде во Собранието. Исто така, за мене беше значајно прашањето што го отвори некој од колегите и јас сакам да го потенцирам. Не добивме одговор каде е разликата помеѓу основното и средното образование, ако основното образование го ставивме како уставна категорија во членот 44 од Уставот каде што стои дека основното образование е задолжително и бесплатно. А задолжителното средно и бесплатно образование можеме да го направиме со законски проект без да интервенираме во Уставот. Дали мислевте дека ако одите со закон ќе можете да поминете без двотретинско мнозинство, а на тој начин ќе можете да поминете и без образложение, како што не изнесовте пред Собранието на Република Македонија и воопшто пред јавноста. Веројатно тогаш ќе моравте да излезете со опширна анализа, со податовци кои што ќе укажуваат на одредени проблеми, или на неподготвеноста, можеби и на подготвеноста на Република Македонија за овој проект. Меѓутоа, ќе мораше да ги имаме таквите анализи направено. И од тој аспект мислам дека сериозно треба да се замислиме дали ова не треба да биде и уставна категорија како што е основното образование, ако веќе сакаме и средното образование да биде задолжително и бесплатно, одредба која што во Законот, а би требало да стои во Уставот. За ова веројатно ќе има шанса да се изјасни и Уставниот суд на Република Македонија за да ја оцениме уставноста и законитоста на овој законски проект.

Зошто кажувам дека немавме доволни анализи и доволни податоци дали ќе може да заживее овој проект на задолжително средно образование. Заради тоа што анализите кои што ги имаме за основното образование кое што исто така е задолжително и бесплатно покажува дека одредена бројка на ученици кои што се запишуваат во прво одделение со завршувањето на осмо одделение се губи некаде од 3 до 5 илјади ученици зависно од тоа во која година колку се запишале, па таа бројка се движи некаде од 30 до 35 илјади. Додека оние кои што не се запишуваат во средно образование се 2 илјади, 2500 ученици. Што направивме на тој план да го подобриме, односно да го зголемиме процентот на оние ученици кои што се запишуваат во прво, а не завршиле осмо одделение, кои се причините за тоа, која категорија на граѓани и која структура на население најмногу не успеала да завршат основно образование од кои причини? Дали има механизми, освен на хартија за санкционирање, или за превенирање на оваа појава? На сето тоа мораме да одговориме. Дали е доволен квалитетот кој што се нуди во основното образование во дадениот момент во Република Македонија, на какво ниво е тој квалитет? Каков финален производ имаме од образовниот процес? Ако гледаме дека во Република Македонија во многу места основното

образование се одвива во простории и училишта и со надгледни средства кои што не се замисливи во овој период во Република Македонија да постојат училишта кои што сеуште немаат основни услови за одржување на настава. Како и на кој начин тоа да го направиме, наместо да отвориме една таква дебата и да видиме каде да ги бараме и насочиме овие проблеми и да најдеме решение за решавањето на пробелмите, ние, а посебно сега Парламентот ќе се определи за дополнителни проблеми, за дополнителни прашања кои што ќе ни се поставуваат постојано и понатаму и на крајот веројатно ќе резултира со одложување на стартувањето на овој закон. Во руралните средини ретко кое училиште ги исполнува основните, елементарните услови за одржување на настава. Меѓутоа, и во централните градски подрачја има училишта кои што работат сеуште во субстандардни услови, училишта кои што не можат да им обезбедат елементарни услови на учениците за да имаат квалитетна настава, а со тоа и да стекнат квлаитетно основно образование како уставна категорија кое што кажуваме дека е бесплатно, па често пати посебно во последниве години се случува да се собираат пари од учениците за варосување на училниците, се собираат пари од учениците за поставување на уреди за видео надзор во училиштата и т.н. Додека некои други пак немаат кабинети, немаат сали во кои што ќе можат да ги одржуваат часовите по физичко воспитување и т.н.

Сеуште се надвор од училишната зграда и зимно време ќе мора да одржуваат настава внатре во училницата во која учат, тука да го држат и часот по физичко воспитување.

Сето тоа го наметнува прашањето, односно дава одговор на прашањето дека не сме подготвени да започнеме со еден ваков проект. Не можеме да кажеме, како тоа што го направи Владата, од денес ќе се изгласа законот и воведуваме задолжително средно образование. Многу прашања ќе треба да ги разрешиме понатаму. Што со учениците од руралните населби каде што нема средни училишта. Во сите општини и во градот Скопје, вкупно 30 општини имаат средни училишта. За остатокот веројатно ќе мора да има финансиски средства за да им се обезбеди превоз и сместувањето во ученичките домови. Што ќе биде со образовните профили, кои исто така ги нема во сите општини, односно онаму каде што има средни училишта. Дали учениците ќе треба да избираат од тоа што го имаат на располагање или ќе може да избираат и образовен профил кој не е во општината или во близина на општината во која живеат, ама за тоа државата треба да обезбеди исто така сместување или превоз. Ако гледаме дека сега имаме проблеми во финансирањето токму на овие прашања од сферата на превозот во основното образование, мислам дека повеќе од јасно е дека ќе настане уште поголем хаос и во овој дел. Затоа, и овие три дена постојано бараме одговори на овие прашања, бараме да се дадат анализи, да се укаже на подготвеноста дали Република Македонија може овој систем да го издржи, дали реално ќе воведеме средно образование или ќе воведеме средно образование само во законот за кој ќе разговараме неколку месеци, а после сето тоа е остане и веројатно ќе се потсетиме некаде во јули месец повторно да разговараме за одложување на еден ваков процес. Мислам дека ваквите прашања и околу уставната категорија и околу основните услови во кои се изведува наставата во основното образование, услови во кои ќе се изведува наставата во средното образование, недостатокот на училишта, работа во подрумски простории како што се случува во моментот во Куманово, немање доволен простор за учениците токму од средното образование во Куманово, едни субстандардни услови и тн., мисламд ека нема да биде упатно, ниту ќе можеме ефективно да го спроведеме овој процес. Од причина што немаме доставено вакви анализи, нема доставени параметри, нема доставени извештаи и тн., мислам дека ставот на СДСМ и на т.н. преговори кои ги водевме во Собранието беше јасен: детални елаборации и анализи за овој процес и тогаш подготвени да пристапиме. Инаку, поддршката во тој дел од СДСМ, ако ги добиевме сите одговори на овие прашања, ама овде во образложението на законот, ќе имаше. Не требаше да се бара мала врата или да кажеме сега експертите ни кажаа дека не е потребно Уставот да се менува, тоа ќе го направиме со закон и тогаш ќе воведеме средно задолжително образование и бесплатно образование. Бесплатно образование со многу прашања, како што е бесплатно основното образование, бесплатно за оние пет до седум илјади кои не завршуваат ни основно образование, а од причини кои исто така не се анализирани во ова Собрание.

Заради тоа, мислам дека после ставот легитимен на Владата што го има заземено, дека сака да се воведе задолжително средно образование, впрочем сака да оствари дел од програмата која ја ветиле на избирачите за задолжително средно образование, меѓутоа, мислам дека премногу се робува само на програмата, премногу се робува на донесување на закони само заради закони и токму заради тоа се таквите оценки што ги имавме дека треба да внимаваме пред се и на квалитетот, не само на квантитетот на донесувањето на законските проекти. Образложенијата дека квалитетот ќе се подобри во образованието, со тоа што ќе воведеме средно задолжително образование-да, треба да се подобри квалитетот во образованието, ама прво треба да ги подобриме условите кои ќе дадат поквалитетно образование и најбитното, да покажеме пред граѓаните на Република Македонија дека имаме доволно демократски капацитет да ги почитуваме вредностите и квалитетите во Република Македонија. Тоа не го правиме, без разлика која политичка гарнитура била до сега, а и сега во моментот, со смените

што ги имаме во разни сектори, со поставување на нестручни луѓе на одредени одговорни места покажуваме деа квалитетот воопшто не ни е битен или квалитетот го мериме со партиската книшка и со нејзината боја. Ако имате во едно од јавните претпријатија директор на Правниот сектор дипломиран социјален работник, што да зборуваме за квалитет. Или раководител во една подружница на јавно претпријатие, на правна и економска служба наставник по историја, тоа говори за квалитетот, говори за унапредувањето на образованието во Република Македонија, меѓутоа и тоа е добар сигнал за младите: образувајте се, стекнете факултетски дипломи, станете магистри и доктори, ама ќе раководи некој што е наставник по историја со правна и економска служба. За жал, тоа ни се случува во Република Македонија. За тоа треба многу повеќе да поразговараме, на таков начин да си го изразиме нашиот демократски капацитет и да кажеме дека сакаме навистина институциите да функционираат. Не може да ги оставиме институциите, да ги тргнее професионалците кои цел живот работат на одредена проблематика, а на нивни места да се доведат некои партиски послушници. Тоа е впрочем случајот со СВР Куманово, демонтажа на целиот апарат и овде сега зборуваме дека сакаме да воведеме квалитет во образованието со тоа што ќе донесеме закон за задолжително средно образование. За таквиот квалитет,за таквите аргументи никој нема да ви верува, апсолутно никој.

Од тие приини што не нудите аргументи, што не нудите анализи за овие состојби и на крајот што квалитетот е на последно место барем за вас или го гледате низ призмата или еден од аргументите за квалитет е ако е член на ВМРО-ДПМНЕ, НСДП или ДПА, јас не мислам така и заради тоа нема да гласам за вој закон. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Спасовски.

Има збор пратеникот Андреј Жерновски, повелете.

**Андреј Жерновски:** Благодарам потпретседателе.

Почитувани дами и господа пратеници, почитуван министер,

Опозицијата ќе го исполни даденото ветување дека денес ќе ја заврши расправата по оваа точка. Ова го напоменувам не за да искажам, односно само за да искажам колку е опозицијата конструктивна, туку се надевам дека ваквиот пристап кон една точка на дневен ред каде што всушност се судривме со парламентарното мнозинство, бидејќи слободно можам да кажам на сила и на мала врата беше ставена на дневен ред во моментите кога тоа ниту го договоривме, ниту опозицијата беше спремна, но мислам дека треба да се почитува ова што ние ќе го реализираме договореното и се надевам дека ќе извлечеме поука, особено колегите од парламентарното мнозинство, дека во иднина ќе се договараме за вакви битни точки кога ќе бидат, за да можеме рамноправно да ги размениме аргументите, а зошто и да не, опозицијата да ја разубеди власта да прифати дел од забелешките. Сосема накратко ќе завршанм со ставот кој што ќе го кажам на почетокот зошто ЛДП, односно пратеничката група нема да го поддржи овој владин проект.

Сите овие денови на дискусија бев во сериозна дилема дали се работи за еден популизам од страна на Владата или се работи за она, мислам всушност дека е второто, а тоа е едно брзоплето и прилично неумесно стокмен предлог од страна на Владата, проект кој со текот на расправата се виде дека има голем дел на недостатоци и не слушнав, за жал, аргументи доволно од страна на самата Влада односно оние кои го бранат, владиното мнозинство, овде во Парламентот со кој ќе бидеме разуверени со вистински факти и вистински аргументи и тези дека овој проект всушност ќе заживее на еден многу квалитетен начин.

Од тие причини, мислам дека дискусијата на опозицијата беше навистина на високо ниво, со што не успеа тезата на парламентарното мнозинство дека опозицијата е против тоа секој граѓанин во Република Македонија да поседува диплома за завршено средно образование. Напротив, можам да зборувам од името на ЛДП, ниту еден кај нас не е против задолжителното средно образование, ние сите би сакале граѓаните на Република Македонија да имаат средно образование, но ние сме против било каков проект кој што ќе дојде не само од оваа Влада туку од било која влада, кој ќе биде навистина на такво ниво што однапред ќе се види дека тој не може да се реализира во таков степен и таков квалитет каков што се нуди. Значи ние не сме против квалитетот, ние не сме против тоа да имаме задолжително средно образование во Македонија, ние сме против проекти што всушност никогаш нема да се реализираат на начин како што се сака да се реализираат. Исто, многу слично и со гласањето на дијаспората, каде што се наметнува дека ЛДП е против, но ние само велиме дека тоа не може во овој момент во Република Македонија од објективни причини да се инсталира. Мисалм дека никој во Република Македонија не може да биде против тоа граѓаните да имаат средно образование, меѓутоа, да бидам искрен, да бидам до крај објективен како што се надевам дека и започнав, ова е една прилично атрактивна тема понудена од страна на Владата за граѓаните на Република Македонија, да кажам секси тема, секси од оној аспект да биде доволно привлечна за граѓаните на Република Македонија да кажат да, ова е добар проект, зошто да не моите деца да не бидат образовани,зошто да не секое дете да има средно образование.

Она што сосема накратко ќе го поставам како дилема е дали во Република Македонија, како и за кого всушност се носи задолжителното средно образование. Она што го слушавме со денови и

со кое ќе ја започнам мојата дискусија е дали во Македонија постои, ако се постави тоа прашање, задолжително основно образование. Беше кажано до моите колеги од пратеничката група на ЛДП дека всушност и покрај тоа што во Република Македонија имаме одамна задолжително основно образование, всушност 170.200 граѓани на Република Македонија немаат завршено основно образование. Од тука, кога е јасно дека опфатот на основците во Република Македонија е далеку од законски и уставно предвидените 100%, не треба да се биде многу умен, ниту е битно дали сте член на парламентарна партија од мнозинството или опозицијата  за да се заклучи всушност според овие податоци, јасно и гласно да се каже дека во Република Македонија задолжителното основно образование е незадолжително. Оваа бројка кажува и ја отвора дилемата колку сме ние сериозни во намерата да воведеме задолжително средно образование, ако не можеме како држава, намерно кажувам како држава а не како оваа Влада или како сите досегашни влади, да го направиме она за кое мораме да го направиме и работиме и за кое сме платени, а та е да овозможиме секој граѓанин во Република Македонија да има основно образование. Значи образованието е една прилично, слободно може да се каже, податлива тема за импровизација, но многу податлива всушност за манипулација, односно за оние кои сакаат да манипулираат. Од тој аспект овој проект, овој Предлог на Владата кој што очигледно ќе биде донесен, и покрај укажувањето на опозицијата, јасно кажува дека е атрактивен затоа што плодот, ефектот од ова што денес ни се нуди од страна на Владата  и ќе биде поддржано од страна  на парламентарното мнозинство, всушност ќе се види минимум за четири години, можеби за осум, 12 и тн., што значи дека оние кои што се предлагачи, нема да кажам манипулатори, за четири или осум години нема да бидат на своите позиции за да можат да одговараат за она за кое денес се прозвани и  за кое овде се обидуваме да ги разубедиме дека всушност нудат проект кој што е неостварлив. Од тој аспект, навистина е мамка за секој политичар да понуди проект, да биде гласен дека прави некакви реформи, денес зборуваме за образованието, за резултати кои ќе се видат во оние моменти кога можеби никој од нас 120 овде нема да биде присутен во тој парламентарен состав, уште помалку да седи не во овие сини туку пурпурни столчиња, односно столчињата каде што седат министрите на Владата на Република Македонија.

Ако заклучиме дека ние апсолутно не сме го испочитувале тоа дека во Република Македонија мора да имаат сите основно образование, тогаш ако одиме понатаму, треба да поставиме прашање дали во Република Македонија има закон кој што предвидува санкции против родителите што не ги испраќаат своите деца во училиште, бидејќи овде се нудат санкции и за родителите, но и за учениците, како што иамвме можност да слушнеме, кои ќе го одбегнат овој законски услов. Уште еден аргумент, односно нашите тврдења, е следен: ако ние не сме го санкционирале до сега и однесувањето на родителите, тогаш апсолутно е јасно дека нема да го санкционираме и однесувањето на родителите во моментот кога ова ќе излезе во Службен весник на РМ, задолжително средно образование ќе биде законски. Значи едноставно кај нас, не е тешко да се констатира, немаме санкции против прекршителите.

Она што сакам да го кажам е дека прилично неуверливо, да не кажам смешно делуваме како држава, ако сакате и како Влада, кога во разговори кажуваме дека сакаме населението да ни биде со задолжително средно образование, а немаме всушност ни кај сите граѓани основно образование, или ако сакате пластично да кажеме, зборуваме за тоа да се качиме на четвртиот кат, а не сме ги направиле скалите помеѓу вториот и третиот кат. Без квалитетни, па и воопшто направени скали меѓу вториот и третиот кат, невозможно е според нас да се качиме на четвртиот кат и затоа сметаме дека овој проект едноставно е само атрактивен и ништо повеќе од тоа, меѓутоа, не може да се оствари.

Во Република Македонија, ако зборуваме за основното образование, алармантна е потребата за повеќе средства, така што кога зборуваме за квалитетот на основното образование, ние се соочуваме-основните школи не се само во Скопје, треба да се видат сите основни школи во Република Македонија, да видиме дека разговараме за испукани ѕидови, училишта, столчиња и тн., впрочем, имате владина реклама каде што паѓа дожд во училиштето затоа што воопшто нема покрив, тоа е спот на Владата на Република Македонија. Според мене навистина е неумесно ако разговараме за средно образование, каде што ќе направиме квалитетни училишта, а оние кои ни се сепак фундаментот, основата, а тоа се првите осум години од нашето образование, да ги оствaруваме во училишта кои што се далеку од потребните квалтети, ги нема потребните квалитети и услови, а тоа сме го констатирале сите без разлика од која партија доаѓаме или која влада ја поддржуваме.

Во предизборната кампања на новата владина гарнитура се велеше дека ќе бидат изградени нови и ќе бидат поправени, цитирам: “дотраените училишни згради”. Не само што не се поправаат, туку ова што ни се нуди дека ќе имаме нови згради не можам да се согласам дека спаѓа во делот на ова што е денес понудено, бидејќи приватно државната иницијатива, кога ќе се каже од страна на некој претставник на Владата да, меѓутоа, овде имаме приватно државна иницијатива, тогаш со тоа кажување на една нова работа се отвораат две нови работи кои  и од каде  ќе дојдат тие пари, меѓутоа, опфатот со кој што овде се гарантира на учениците во Република Македонија дека ќе биде сигурен

односно гарантиран мора да биде во рамките на оние училишта кои се државни училишта, не може со сигурност да се каже за оние училишта кои ќе бидат под контрола на квалитетот и на кадарот од страна на приватниот инвеститор.

Тоа беше всушност критиката или замерката како став на Унијата на средношколци на Република Македонија.

Значи, ако го отвориме прашањето дека може да се донесе закон за средно образование, се разбира дека може, но дали тој закон ќе се почитува според она што гледаме до сега. Ќе упатам критики на оваа Влада која што јас ја поддржував во последниот состав, не успеавме да направиме да се почитува и основното образование бидејќи, ако одиме според овој принцип, ние можеме утре да добиеме идеја дека ќе имаме задолжително образование и да се оствари и високо образование во Република Македонија, така што повторно ќе бидеме разуверувани дека со тоа уште повеќе ќе се подобрат предусловите во Република Македонија да се зголеми вработеноста.

Она што треба да го имаме на ум секогаш, дали младите луѓе кај нас имаат слобода на избор. Мислам дека не треба да ги третираме како малолетни, затоа што самиот млад човек треба да избере дали сака да учи, или сака да работи во тој момент, затоа што сите за жал, немаат услови да работат. Второ, има граѓани на Република Македонија на таа возраст, кои што сакаат да работат, поради низа други услови, имаат семеен бизнис и тн.

Мислам дека ако го поставиме прашањето дали младите луѓе кај нас имаат слободен избор, треба да се каже да. Ако прашаме дали задолжителното средно образование е пречка на патот на таква слобода, а ќе биде, бидејќи мора да учи сакал или не, одговорот е да. И ако одговорот е да на третото прашање кое што би го поставил, дали еден од европските стандарди, ова е многу битно за нас, да им се овозможи на младите луѓе од 16 години да можат да се понудат на пазарот на трудот. Со ова всушност, се негира еден од европските стандарди, бидејќи со ова ќе ги спречиме да се понудат на пазарот на трудот. Тогаш со сите овие одговори што се дадени и за кои што верувам дека сите ќе се согласиме, укажуваат на погрешна премисла. Тоа е дека патот до среќата, или благосостојбата како што беше кажано од некои колеги, всучност, може многу тешко да оди преку обврската за задолжително средно образование.

Понатаму, можеме мислам слободно да констатираме дека имаме голем рој на различни средни училишта во Република Македонија, но и тоа дека сите тие крајно хетерогени, затоа што имаме од гимназија до средни училишта кои се хемиски, економски, медицински, градежни и тн. Што значи дека се поставува прашањето дали ние можеме прекуноќ оваа Влада конкретно, да го стандардизираме квалитетот на средното образование во Република Македонија, така што барем првите две години да се одвиваат во една идентична програма, незаисно од различноста од типот на средно училиште во нашата држава. Мислам дека дури и кога би можеле, би биле подговени да зборуваме за такво нешто отворено, меѓутоа се поставува тогаш прашањето зошто немаме таква анализа од страна на предлагачите. Ако немаме, а немаме, тоа беше кажано, тогаш дали ќе ги изградиме сите тие училишта во еден догледен рок, за да може всушност, да функционира овој Предлог-закон. И ако не ги изградиме, али ќе ги тераме нашите млади граѓани во Република Македонија да се запишуваат во средните училишта, што веќе сум го слушал и јас и јас сум еден од жртвите на оној модел на Стипе Шувар, каде и јас се соочував со тоа да одам на местото каде што ми беше кажано, таму каде што има место. Се е пополнето, од утре ти ќе одиш таму каде што има место, затоа што тие се пополнети. И сакал или не сакал, јас ќе одам во училиште каде што немам афинитети.

Она што можам да го извлечам како заклучок од име на ЛДП, ако си го поставиме прашањето, што јас го кажав и што беше кажано од страна на моите колеги во Парламентот, за кого ние всушност, нудиме еден закон за задолжително средно образование. Дали е тоа за учениците? Јас би рекол не, затоа што ова за нив е една жива благодет, бидејќи и сегашното ниво, сите го апсолвиравме тоа, без разлика од која страна на Парламентот седиме, или дали или не ја поддржуваме оваа Влада. Констатиравме дека сегашното ниво на настап на Владата е навистина далеку од потребното. Значи, критериумите, тоа сакам да го кажам дополнително ќе паѓаат, затоа што учениците знаат дека сакале или не ќе мора да го завршат. Значи, ќе ја немаме онаа конкуренција меѓу нив. Истото важи и ако го поставиме прашањето дали овој закон се носи со родителите, бидејќи и тие знаат дека нивните деца сигурно е завршат средно образование, макар да имаат проблем во трета и во четврта година, сигурно ќе ги положат испитите, бидејќи според законот, бидејќи Владата оди со законско решение, сакале или не би морале да го положат. Потоа, дали како трето е овој закон што се носи за родителите, дали се носи за наставниците, не, заклучокот е дека всушност, се носи за некој сосема четврт. Овој закон им треба на политичарите во Република Македонија, односно овој момент веќе доаѓа од таму, од политичарите, кои што се во Владата на Република Македонија.

Ние сметаме дека всушност, квалитетот е оној кој што е најважен во овој момент во Република Македонија и ако бидеме барем малку искрени према себе и према другиот и ако барем малку сакаме да си погледнеме искрено во своите убедувања, мислам дека би трабало да е многу јасно дека е поважен многу повеќе квалитетот, отколку квантитетот, така да мене ми е многу криво што прв или еден од првите проекти од областа на образованието на новата Влада е ова

размислување, односно размислувањето на квантитетот, а не квалитетот. Ќе беше многу подобро и за тоа сигурно ќе гласаше ЛДП, ако се зафатеше Владата со реформи што ќе значат всушност, зголемување на квалитетот на наставно образовната програма во нашите школи.

Она што реков јас за крај, а ќе завршам, една од главните замерки кон Владата на Република Македонија, не знам дали министерот ќе може да го негира ова е што за овој закон во Република Македонија, односно за овој Предлог на закон разговараат само политичаерите. Владата, и сега парламентарците. За една ваква сериозна иницијатива, за еден ваков сериозен Предлог, навистина, имам сериозна замерка зошто Владата на Република Македонија, конкретно министерот, сите надлежни не организираат јавна расправа. Зошто не се слушна гласот на професорите, зошто не се слушна гласот на наставниците, зошто не се слушна гласот на учениците. Затоа што еден од главните карактеристики позитивно што Владата ни го соопшти на нас, како граѓани на оваа земја е дека се работи многу транспарентно, дека работи 24 часа, дека не прави разлика помеѓу понеделник, вторник и сабота и недела, дека дури на моменти и не знае кога е недела, па и оној кој што си оди најдоцна гледа како светлото на премиерот сеуште свети, затоа што тој работи и работи до касно во ноќта, но не се најде за сходно да се отвори дебата, што исто ќе ја добиете критиката и за следната точка за веронауката, бидејќи ни за веронауката немаше транспарентност во целиот Предог, туку се носи во Владата, се дава на Парламентот на брзина, се прескокнуваат сите демократски механизми, дури и во оној момент кога ќе одлучуваме каков ќе биде дневниот ред, сакаат на брзина да се донесе законот за да може некој утре да излезе од дебата и да каже ние веднаш се справивме со реформи во образованието.

Мислам дека секој кој што искрено сака да пристапи кон овој проблем и себеси би требало да се критикува од страна на парламентарното мнозинство, односно Владата дека немаше транспарентна расправа за исклучително битен проект.

За крај, имајќи го сето предвид ЛДП смета дека во овој момент апсолутно, нема никакви услови кај нас за жал, за една доследна реализација на една ваква идеја, која што е добра, но е само идеја и дека во далечна перспектива би можело според нас да се размислува за една десетолетка, дека за таква иницијатива која може да се постави на маса треба да има сериозни дискусии кај нас. Уште еднаш ќе повторам, за нас е многу поважно да се санираат проблемите во школството во Република Македонија и да се задоволат елементарните потреби прво во основното образование, за да воопшто можеме да констатираме да кажеме или попрецизно воопшто да можеме да сонуваме дека еден ден во Македонија, сите граѓани на Република Македонија всушност, ќе имаат завршено средно образование. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Жерновски.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Ги повикувам пратениците кои се присутни во Собранието да влезат во салата.

Ги молам уште еднаш пратениците да влезат во салата.

Ги повикувам сите пратеници да влезат во салата за да можам во мое и во нивно име на граѓаните на Република Македонија од православна и католичка вероисповед, да им ги честитам претстојните Велигденски празници и да им посакам се најубаво.

Со ова ја затворам денешната седница, продлжуваме во вторник во 11,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 16,30 часот)